**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје** | тел. **02/3 218 130** факс. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel. **02/3 218 130** faksi. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 451-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 27.07.2023 година**

Седницата се одржа на ден 27.07.2023 година со почеток во 13,17 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **Антоанета Димовска**, член;
- **Мери Радевска, член**;
- **Лорета Горгиева, член;**
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска,** член и
- **м-р Тања Чачарова-Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Кренар Лога**, министер за правда, уредно поканет
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд, уредно поканета

Присутни од стручната служба:

- **Ален Раденковиќ**,
- **Емилија Николиќ**, државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на :

- Преставник од Институт за човекови права
- Претставник од Коалиција сите за правично судење

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, седницата ја отвори и со неа раководеше **претседателот на Советот Сашко Георгиев.**

Пред почетокот на седницата **претседателот на Советот Сашко Георгиев** го честита изборот на новиот член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Антоанета Димовска,

посакувајќи и многу среќа, успех и позитивни резултати во ова динамично време.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева**. Информираше дека на седницата ќе биде присутна до 14,20 часот после што поради неодложна обврска закажана за 14,30 часот истата ќе ја напушти.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, го прочита Дневниот ред предложен за денешната 451-ва седница на Советот.

**Претседателот на Советот** предложи Дневниот ред за 451-та седница, да се дополни со две нови точки – „Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ“ и „Одлучување по поднесено барање од кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители“, на начин што првата новопредложена точка – „Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ“ да се разгледа како 3-та точка од дневниот ред, а втората новопредложена точка - „Одлучување по поднесено барање од кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители“, да се разгледа како 9-та точка од дневниот ред. Останатите точки да се поместат за една точка нанапред.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по предложениот Дневен ред за 451-та седница на Советот со денес предложеното дополнување.

За збор се јави **членот на Советот Ивица Николовски.** По однос на предлозите за дополнување на дневниот ред истакна дека смета дека не треба да се брза од причини што е судска ферија и судиите од Врховниот суд на РСМ користат одмори. Смета дека самото нивно отсуство би довело до неможност на оној што мисли и сака да аплицира за член на Судскиот совет на РСМ поради отсуство да се доведе во ситуација да не може да аплицира. Од наведениата причина смета дека треба да се сочека да поминат овие денови и одморите и во некој нареден период да се донесе одлуката за објавување на оглас за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека токму од тие причини размислувано е да биде крајот на август, односно почетокот на септември, кога би се вратиле судиите од користење годишни одмори, но во Законот за Судскиот совет на РСМ конкретно е наведено дека во рок од 15 дена од констатирањето на состојба кога некој се повлекол, односно си дал оставка како што е во конкретниот случај треба да се распише оглас. Поради наведнеите причини дополни дека Советот е должен да постапи согласно Законот, односно истиот да го почитува и во рок од 15 дена сметано од 25.07.2023 година да се објави оглас. Во продолежениер претседателот на Советот истакна дека со оглед на околноста дека и во Судскиот совет ќе има кратко отсуство поради користење на годишни одмори на дел од колегите заради кворум Советот ќе биде ограничен да се собере некаде до 10-ти август. Поради наведените причини истакна дека смета дека денес треба да се донесе одлуката и да биде согласно законот, со тоа што истекот на 15-те дена ќе се поклопи со завршетокот на феријата. Истакна и дека ја **разбира поентата на предлогот од членот** на Советот Ивица Николовски, но дека Законот е таков и мора да се почитува.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека нема пречка да се испочитува рокот, истовремено истакнувајќи предлог објавувањето на огласиот да биде крајните денови од рокот со цел да може да се избегне периодот на судската ферија и да не бидат оштетени судиите кои користат годишни одмори.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **претседателот на Советот Сашко Георгиев** предложи да се усвои Дневниот ред предложен за 451-та седница на Советот со денешните дополнувања.

По гласањето констатира дека, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

**1.** Усвојување на: Записник од 442-та седница на Судскиот совет на РСМ од 22.05.2023 година; Записник од 443-та седница на Судскиот совет на РСМ од 30.05.2023 година и продолжение од 05.06.2023 година; Записник од 444-та седница на Судскиот совет на

Република Северна Македонија од 08.06.2023 година и Записник од 445-та седница на Судскиот совет на РСМ од 15.06.2023 година;

2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

3. Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховен суд на РСМ;

4. Одлучување по барање за мирување на судиска функција од судија на Основен граѓански суд Скопје;

5. Разгледување на Извештај од Комисија за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд;

6.Разгледување на Извештаи од работни посети во Апелационен суд Скопје, Основен суд Дебар, Основен суд Струмица и Основен суд Струга;

7. Донесување на Одлука за објавување на огласи за избор на претседатели во  Виш управен суд, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Неготино и Основен суд Штип и формирање на Комисија;

8. Разгледување на Извештај за констатирана состојба за работата на претседател на суд;

9. Одллучување по поднесено барање од кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители и

10. Разно.

По усвојување на Дневниот ред **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека ќе се премине на разгледување и усвојување на 1-та точка од Дневниот ред - „Усвојување на: записници, од 442-та седница, 443-та седница, 444-та седница и 445-та седница на Судскиот совет на РСМ.

**Точка 1**

**Усвојување на: Записник од 442-та седница на Судскиот совет на РСМ од 22.05.2023 година; Записник од 443-та седница на Судскиот совет на РСМ од 30.05.2023 година и продолжение**

**од 05.06.2023 година; Записник од 444-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 08.06.2023 година и Записник од 445-та седница на Судскиот совет на РСМ од 15.06.2023 година**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по записникот од 442-та седница на Судскиот совет на РСМ од 22.05.2023 година

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** записникот од 442-та седница го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" записникот е усвоен, без измени и дополнувања. Воедно, дополни дека во гласањето за наведениот записник не учествуваше членот на **Советот Антоанета Димовска**. од причини што не учествувала на седницата на која се однесува записникот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по записникот од 443-та седница на Судскиот совет на РСМ од 30.05.2023 година и продолжение од 05.06.2023 година.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска.** Истакна дека прв пат гледа ваков записник по преставки, со ваква форма од кои причини начинот на кој записникот е направен и создава нејаснотии. Образложи дека тоа е од причини што по однос на сите преставки во записникот има наведено дека членот на Советот „тој и тој", ја образложил преставката и толку, по што понатаму продолжува со дискусија, при што секаде во дискусиите стои дека никој не се јавил за збор, а гласањето содржело гласови и „За" и „Против". Согласно наведеното смета дека неможно било да немало дискусија, по што следно во записникот е „се донесе следната одлука каде се образложува преставката". Смета дека е направена некаква пермутација во редоследот на составување на записникот и дека прво мора да има образложување на преставката, кога ја образложува членот на Советот, известител, па да следи дискусија. Во продолжение **членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** дополни дека иако немала доволно време за преслушување на тонскиот запис, сигурна е во она што го дискутира од причини што за една преставка УПП.бр.73/23 за која во записникот стои „членот на Советот Тања Чачачрова-Илиевска наведе дека ќе

има издвоено мислење“, во дискусијата стои „никој не се јави“, а сето тоа го навела во записникот пред гласањето. Во контекст на изнесеното истакна дека..... „не би најавила издвоено мислење , ако не сватила дека мнозинството на членови има спротивен став од нејзиниот, по однос на конкретната преставка“. Од наведените причини смета дека ваквиот записник не ја изразува реалната слика на настаните на седницата поради што бара повлекување на наведениот записник, со цел да изврши преслушување на тонскиот запис.

По однос на наводите изнесени од **членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска, Претседателот на Советот Сашко Георгиев** упати прашање до ВД генералниот секретар Весна Толева околу начинот на изготвување на записниците.

**ВД генералниот секретар Весна Толева** истакна дека државните службеници не ги внесуваат сите дискусии, но во конкретниот случај по однос на издвоеното мислење истакна дека се согласува дека истото требало да биде внесено во записникот.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека за во иднина, не предлага, туку бара и истовремено укажува до ВД генералниот секретар.... „во записниците за секоја донесена одлука да стои со колку гласа е донесена и кој стои зад таа одлука“...., пример ( „со 6 гласа „За“ и наведување на имињата и презимињата на оние кои гласале „За“.). Воедно, со цел да не се јавуваат ситуации записниците да имаат различна форма кое нешто многу зависи од оној кој го изготвува записникот, предложи во иднина да се определи едно лице кое ќе ги изготвува записниците од причини што секој има свој начин на формално запазување. Во таа насока дополни дека еден записничар го замислува записникот на еден начин, друг записничар го замислува на друг начин....поради што смета дека би било порационално да се специјализира едно лице кое да ги согледа потребите на членовите на Советот и што треба да биде внесено во записникот а се со цел во иднина да не се јавува потреба од вакви забелешки.

**Членот на Советот Весна Дамева** истакна дека се согласува со предлогот на **членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** записникот да биде повлечен дополнувајќи дека и кај неа постои одредена дилема особено поради тоа што гласањето по одредени претставки е поделено (8:3, 7:4...). Воедно, истакна дека апсолутно се согласува со кажаното и од **членот на Советот Ивица**

**Николовски**, воедно истакнувајќи предлог ова прашање да не се остава за иднина туку да биде применето од наредниот записник, дотолку повеќе што во чл.13 ст.1 од Деловникот меѓу другото е наведено дека „на дисплејот во салата за седници се наведени имињата на членовите на Советот и начинот на нивно гласање". Дополни дека е факт дека нема технички услови да се наведуваат имињата на членовите, но смета дека не треба да се анонимизираат и дека во објавата на записниците членот треба да стои со име и презиме од причини што јавноста е присутна на седниците, освен во случаите каде што јавноста е исклучена и дека само таму записниците треба да бидат анонимизирани. Побара ова да започне од наредната седница...или од оваа со цел да се види секој како гласа и секој да стои позади својата одлука од причини шти нема што да се крие бидејќи се се познава и низ дискусиите, но врзува и членот од Деловникот - јавно да бидат објавени имињата од гласањето.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека смета дека Судскиот совет на РСМ на колегиум има одлучено дека во записникот треба да биде содржан и скринингот од гласањето со имиња на членовите кој како гласал. Смета дека треба да се каже зошто досега од страна на претседателите на Советот тоа не е направено, Во продолжение истакна и дека сите членови на Советот имаат постигнато согласност по однос на ова прашање, а тоа што некој сега баратранспарентност и кој како гласал, тоа одамна е кажано и е донесен заклучок, од системот да се вади гласањето и да се прилепи кон записникот како што тоа се прави во Собранието на РСМ. Повтори дека по однос на ова прашање е расправано и одлучено, а зошто не се спроведува од страна на претседателите на Советот не му е познато.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** потврди дека по однос на ова прашање и се она што е изнесено од членовите на Советот е расправано и одлучено на колегиум од кои причини во иднина треба, односно не во иднина, туку од оваа седница треба тоа да се има во предвид и да се применува.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор предлогот за повлекување на записникот од 443-та седница на Судскиот совет на РСМ од 30.05.2023 година и продолжението од 05.06.2023 година, го стави на гласање.

По гласањето **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен предлогот за повлекување на записникот од 443-та седница на Судскиот совет на РСМ од 30.05.2023 година и продолжението од 05.06.2023 година.

По гласањето по предлогот за повлекување на записникот за збор се јави **членот на Советот Лорета Ѓоргиева**. Појасни дека не гласала по предлогот за повлекување на записникот од 443-та седница на Судскиот совет на РСМ од 30.05.2023 година и продолжението од 05.06.2023 година од причини што не присуствувала на наведената седница.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** уште еднаш констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен предлогот за повлекување на записникот од 443-та седница на Судскиот совет на РСМ од 30.05.2023 година и продолжението од 05.06.2023 година од расправа и усвојување на денешната седница. Побара од ВД генералниот секретар, записникот уште еднаш да биде проверен и за наредна прилика да биде доставен за усвојување при што да се имаат предвид сите забелешки дадени на денешната седница.

По однос на предлогот на **членот на Советот м-р Ивица Николовски** да се назначи еден државен службеник кој би ги водел записниците, **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека му е познато отсуството и малиот број на државни советници, но сепак смета дека во иднина би било добро еден или два добро обучени државни советници да работат на записници со цел да има воедначеност и динамика и записникот да се води во единствена форма.

Во продолжение **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по записникот од 444-та седница на Судскиот совет на РСМ од 08.06.2023 година.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска.** Истакна дека нема да гласа за наведениот записник од причини што не била присутна на наведената седница.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека записникот не е целосен од причини што не ги содржи наводите истакнати од нејзина страна во делот зошто го поддржува, односно зошто треба

да се избере заменик претседателот на Судскиот совет. Дополни дека имало еден дел каде што кажува зошто, но тој дел воопшто не бил содржан во записникот. Поради наведеното истакна дека бара записникот да биде корегиран во тој дел.

**ВД генералниот секретар на Советот Весна Толева** укажа дека записникот е изготвен од колешка која прв пат работела на изготвување на записници и која нема искуство.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека смета дека нема потреба записникот да биде повлечен од седница, туку само да се додаде делот кој недостасува искажан од **членот на Советот Мери Радевска.**

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека би требало записникот да биде усвоен со забелешката која ја дала, дополнувајќи дека на наведената седница објаснила дека во случајот пред седницата било разговарано со членовите на Советот, дека не прифатиле и затоа треба да се избере...., инаку од истите причини сметала дека треба да биде некој друг, а е тој што учествувал на 26.04.2023 година. Дополни дека денес изнесеното го парафразира, а во записникот треба да се внесе она што точно го кажала.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор записникот од 444-та седница на Судскиот совет на РСМ од 08.06.2023 година го стави на гласање со денес изнесената забелешка со која записникот треба да се надополни.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ е усвоен записникот од 444-та седница на Судскиот совет на РСМ од 08.06..2023 година .

Воедно, истакна дека за записникот глас не дале новоизбраниот **член на Советот Антоанета Димовска и членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** поради отсуство од наведената седница.

Во продолжение, **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по записникот од 445-та седница на Судскиот совет на РСМ од 15.06.2023 година.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека нема да гласа ниту за овој записник поради отсуство од седницата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор записникот од 445-та седница на Судскиот совет на РСМ од 15.06.2023 година го стави на гласањ.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За" записникот од 445-та седница на Судскиот совет на РСМ од 15.06..2023 година е усвоен со потребата од дополнувањето истакнато од **членот на Советот Мери Радевска.**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред – „Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија".

**Точка 2**

**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

По 2-та точка од Дневниот ред П**ретседателот на Советот Сашко Георгиев** наведе дека **с**огласно евиденцијата со која располага Судскиот совет утврдено е дека судијата Славица Мирковска од Апалациониот суд Битола, судијата Насер Хаџи Ахметагиќ од Основен кривичен суд Скоипје и судијата Драган Миноски од Основен суд Кичево исполнуваат услови за старосна пензија од причини што на ден на 26.07.2023 година наполниле 64 години. Поради наведеното дополни дека за наведените судии се исполнети условите за престанок на судиската функција заради исполнување на услови за старосна пензија.

Отвори расправа по 2-та точка од Дневниот ред

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Славица Мирковска, судија на Апелационен суд Битола** на 27.07.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

По однос на вториот предлог за престанок на судиската функција на Насер Хаџи Ахметагиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје, **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истотака констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Насер Хаџи Ахметагиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје** на 27.07.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

По однос на третиот предлог за престанок на судиската функција на Драган Миновски, судија на Основен суд Кичево, **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Драган Миноски, судија на Основен суд Кичево** на 27.07.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред – „Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховен суд на РСМ“.

**Точка 3**

**Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховен суд на РСМ**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** во врска со оваа точка од Дневниот ред истакна дека во чл.9 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ е предвидено дека „во случај на предвремен престанок на мандатот од чл.7 ст.4 од овој закон, Претседателот на Советот ќе постапи согласно со ставот 1 на овој член, односно ќе распише оглас за избор на член на Советот, во рок од 15 дена по престанокот на мандатот на членот на Советот". Во продолжение истакна дека со оглед да од страна на избраниот член на Советот од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ, судијата Наке Георгиев на 25.07.2023 година е доставена изјава со која се откажува од функцијата член на Советот, после што на седницата на Советот одржана истиот ден е донесено решение со кое се констатира престанок на функцијата по негово барање, предложи да се донесе одлука за објавување оглас за избор на член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховен суд на РСМ. **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истовремено предложи да се донесе и одлука за формирање комисија за кандидатски листи.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Откако констатира дека никој од члновите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** на гласање го стави предлгот да се донесе одлука за објавување оглас за избор на член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховен суд на РСМ

По гласањето констатира дека со 12 гласа „За„ и ниту еден глас „Против" е донесена следната

**О Д Л У К А**

Да се објави оглас за избор на 1 (еден) член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ.

Во продолжение **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека ќе се пристапи кон ждребање за формирање на Комисија за подготовка на кандидатски листи.

По спроведување на ждребувањето и извлекување на ливчињата, секој член на Советот се изјасни какво ливче извлекол, односно дали е член на комисијата или не. Согласно спроведеното извлекување на ливчињата по пат на ждрепка, П**ретседателот на Советот Сашко Георгиев,** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира Комисија за подготовка на кандидатски листи, во состав од:

- Мирсад Сурoји – претседател на Комисијата;
- м-р Тања Чачарова-Илиевска – член на Комисијата и
- м-р Ивица Николовски – член на Комисијата

По формирање на Комисијата **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** информираше дека е потребно Комисијата за подготовка на кандидатски листи да постапи согласно чл.13 ст.2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019) и од навремено доставените кандидатури на кандидатите кои ги исполниле условите за избор на член на Советот да изготви кандидатски листи и да ги објави на WEB страницата на Советот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување на 4-та точка од Дневниот ред – **„**Одлучување по барање за мирување на судиска функција од судија на Основен граѓански суд Скопје“.

**Точка 4**

**Одлучување по барање за мирување на судиска функција од судија на Основен граѓански суд Скопје**

По однос на 4-та точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** информираше дека од страна на судијата Вероника Жеваировска од Основен граѓански суд Скопје е доставено барање за мирување на судиска функција поради упатување на брачен другар на работа во дипломатско претставништво на РСМ.

Дополни дека судијата во прилог има доставено одлука за избор на судија, извод од матична книга на венчаните, извод од матичлна книга на родените и решение од Министерот за надворешни работи со кое нејзиниот сопруг Михајло Жеваировски се упатува на работа во Амбасадата во РСМ во Будимпешта, Република Унгарија. Поради наведените околности **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека судијата бара за период од 3 години сметано од 15.08.2023 година, заклучно со 15.08.2026 година да и мирува судиската функција. Во продолжение **Претседателот на Советот**

**Сашко Георгиев** истакна дека судијата помеѓу другото се повикува и на решението на Судскиот совет на РСМ со кое е утврдено мирување на судиската функција на друг судија каде Советот има постапено во ваков случај.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвари дискусија по 4-та точка од Дневниот ред.

За збор се јави **членот на Советот Антоанета Димовска**. Истакна дека кога веќе е донесена одлука по однос на колешката Емилија Илиевска треба да се постапи идентично и во овој случај и на судијата треба да и мирува судиската функција.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека веќе има таква пракса во Советот и дека тоа е согласно законските основи.

**Членот на Советот Весна Дамева** истакна дека се точни наводите, односно дека Советот има донесено таква одлука за слична ситуација откако претходно била укината одбивателната одлука донесена од Судскиот совет на РСМ и тоа врз основа на одлука на Уставниот суд на РСМ, У.бр.230/20 која што се однесувала на конкретниот случај, дополнувајќи дека таа одлука на Уставниот суд се однесувала на судија на Врховниот суд на РСМ, слична со идентичен основ. Смета дека и покрај тоа што имало две издвоени мислења сепак одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни и мора да се почитуваат, но на некој начин тоа е ставот и на Уставниот суд. Од тие причини иако не се работи за истиот судија и за истиот случај, сепак тоа е размислувањето на Уставниот суд поради кои причини во овој момент нема дилема дека идентично треба да се постапи, односно да се постапи согласно законската одредба која не е спротивна на Уставот и да се дозволи мирување.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека во претходниот случај кога била донесена одлуката за колешката од Врховниот суд на РСМ била единствена која гласала „Против“ со свое образложение, дополнувајќи дека и денес останува на истиот став, дека смета дека предметното барање независно од одлуката на Уставниот суд и тоа што е наведено во истата и во одлуката од Стразбур „дека се повредени социјалните права на барателот“... смета дека Законот за судови е единствен „lex specijalis“ закон кој може да се примнени кога е во прашање одлучување за права на вршители на судиска функција. Воедно, истакна дека смета и дека во конкретниот случај Законот за работните односи може да се

примениме само во случаи кога станува збор за одлучување за права на вработени лица, а во конкретниот случај Советот има барање од носител на судиска функција кој бара стриктно мирување на судиската функција заради точно наведена причина. Во продолжение истакна и дека смета дека предметната причина не е во рамките на таксативно наброените причини кога Законот за судовите како „lex specijalis“ допушта и дозволува мирување на судиската функција од кои причини вака гледано барањето е во ред, мегутоа смета дека и ова барање како и претходното немаат своја законска основа поради што ќе гласа „Против“.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека Советот и за едната и за другата судија еднаш има гласано „Против“, но на сите им е познато дека по донесување на одлуката на Уставниот суд Советот постапил по истата и донел друга одлука. Поради наведените причини смета дека сега е безпредметно да се расправа дали да се дозволи мирување или да не се дозволи, кога тоа е став на Уставниот суд. Од тие причини нагласи дека натамошната дискусија би била беспредметна со дополнение дека кога се одлучувало за барањето на судијата Емилија Илиевска во Судскиот совет имало идеи да се ангажираат и експерти..... по што повторно останал ставот дека одлуката на Уставниот суд не се коментира. Поради постоење на таква одлука истакна дека смета дека и во конкретниот случај на судијата треба да и се дозволува мирување на функцијата.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека од страна на колегите се споменува одлука на Уставен суд, дополнувајќи дека од материјалите кои што и се доставени може да види само конкретна одлука на Уставниот суд за конкретен граѓанин, за конкретен судија. Дополни дека неможе да види од што одлука на Уставниот суд во однос на неуставност на одредбите од Законот за судови за кои во конкретниот случај смета дека Судскиот совет треба да ги примени по однос на конкретното правно прашање бидејќи тоа е „lex specijalis“. Воедно, дополни и дека не видела доставена одлука, а тоа се случувало во некое минато време кога не ни била член на Судскиот совет на РСМ. Смета дека тоа не е битно, туку за неа е битно дали Уставниот суд по иницијатива за членот 59 и членот 53 став 1 посочил причини, односно основ кога може да престане, односно да мирува функцијата на судија. Смета дека кога би имале една таква уставна одлука тогаш би прифатила дека треба да се примени затоа што со тоа се врши повреда на правото на заеднички семеен живот итн..., меѓутоа во една ваква ситуација кога има

конкретна одлука за конкретен судија истакна дека за неа не е обврзувачка, дополнувајќи дека за неа се обврзувачки одредбите од законот. Поради наведените причини истакна и дека ќе гласа „Против“ од причини што во Законот за судови нема таква одредба која го дава правото да се донесе решение со кое на барателот ќе му мирува функцијата судија од тие причини кои што се наведени во барањето.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека е точно дека во Законот за судовите таксативно се наведени условите под кои мирува судиската функција и дека е точно дека одлуката на Уставниот суд се однесува за конкретна личност, но образложението е општо. Од тие причини смета дека доколку би се одлучило поинану ќе се прекршат правата на конкретна личност, а таа конкретна личност е и судијата Вероника Жеваировска. Смета дека доколку се донела одлука за судијата Емилија Илиевска која е образложена и се повикува на одлуката на Уставниот суд неможе сега да се донесе поинаква одлука од причини што и Судскиот совет и судовите судат пред се врз основа на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори. Смета и дека Советот истотака има право да го толкува Уставот и да го примени, дополнувајќи дека тоа е нејзиното образложение, но дека почитува секој да го каже своето мислење. Воедно, истакна дека ова не го кажува затоа што доаѓа од граѓанскиот суд и ја познава судијата, туку затоа што смета дека треба да се донесе идентична одлука кога има идентична ситуација.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека се согласува со предлогот на **членот на Советот Антоанета Димовска**. Дополни дека кога Советот е едногласен дека одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни, во таа одлука со која се решава конкретно прашање јасно е определено дека Уставниот суд се произнесува согласно со својата надлежност по однос на различното мислење, дали согласно чл,.59 од Законот за судовите е предвидено дека судиите ги уживаат сите права од работен однос кои припаѓаат според закон. Во продолжение истакна дека токму во тој дел има јасно произнесување со оглед дека Законт за работните односи важи за судиите и судиите ги уживаат сите права од донесена одлука. Од тие причини предложи да не се има дилема бидејќи како што истакнал и **членот на Советот Селим Адеми** веќе има една ваква пракса, а уште поголема пракса е што конкретно за барателот е донесена една одлука, истата одлука е укината и сега Советот кога има формирано мислење и произнесување од Уставниот суд си зема за право да дискитира.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека ќе се надоврзе на наводите на претходните двајца колеги кои дискутирале по однос на ова правно прашање. Во таа насока истакна дека е точно дека во чл.59 стои дека судиите ги уживаат сите права согласно закон, а за судиите закон „lex specijalis“ е Законот за судовите. Во таа насока дополни дека лично ја чуди зошто по донесување на една ваква одлука од страна на Уставниот суд од пред 2 години, односно од 6-ти месец 2021 година, ниту еден од судиите доколку ценат дека со Законот за судовите им е повредено право од работен однос, односно од нивниот мандат, не е поднесена иницијатива за оценување на уставност на одредбата од членот 53 ст.1 од Законот за судови. Дополни дека во конкретниот случај ја обврзува Законот за судовите и затоа дискутирала во таа насока.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека не сака да се повторува, но наоѓа за потребно само да каже дека ниту самата одлука која се однесува на конкретен случај и барател, ниту донесената одлука на Уставниот суд врз основа на конкретно доставени докази од страна на барателот, односно самата изрека на одлуката донесена од страна на Уставниот суд не била толку децидна и јасна. Поради наведените причини истакна дека воопшто не се согласува со **членот на Советот Ивица Николовски** дека немало дилеми. Смета дека доколку немало дилеми немало да се прават обиди цела година да се ангажираат експерти да се толкува содржината и основаноста на одлуката на Уставниот суд, дополнувајќи дека и самиот факт што и во Уставниот суд и во Судскиот совет на РСМ сите едногласно не ја донеле одлуката значи дека има различнии ставови и дека почитува право на мислење на секој и секој да го изрази својот став согласно своите убедувања.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** откако констатира дека никој од членвите на Советот повеќе не се јави за збор барањето поднесено од Вероника Жеваировска, судија на Основен граѓански суд Скопје за мирување на судиската функција за период од 3 години сметано од 15.08.2023 година, заклучно со 15.08.2026 година го стави на гласање.

По гласањето коннстатира дека со 9 гласа „За“ и 3 гласа „Против“ е донесено следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за мирување на судиската функција поднесено од м-р Вероника Жеваировска, судија на Основен граѓански суд Скопје бр.03-1452/1 од 14.07.2023 година, СЕ УСВОЈУВА.

Се утврдува мирување на судиската функција на м-р Вероника Жеваировска, судија на Основен граѓански суд Скопје од 15.08.2023 година, заклучно со 15.08.2026 година.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и ќе се продолжи со разгледување и одлучување по 5та точка од Дневниот ред – „Разгледување на Извештај од Комисија за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд".

## Точка 5

**Разгледување на Извештај од Комисија за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд**

По однос на 5-та точка од дневниот ред **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** информираше дека по оглас за избор на еден судија на Апелационен суд Гостивар и двајца судии на Апелационен суд Штип објавен во Службен весник на РСМ бр.86/23, со одлука на Советот е формирана комисија за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд, по оглас објавен во Службен весник на РСМ бр.86/23, која изготвила Извештај.

Во таа насока **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** даде збор на **членот на Советот Лорета Ѓоргиева** во својство на претседател на Комисијата да го реферира извештајот.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд истакна дека по оглас за избор на 1 (еден) судија на Апелациониот суд Гостивар и 2 (двајца) судии на Апелациониот суд Штип со одлука на Советот бр. 02-982/1 од 11.05.2023 година формирана е Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд во состав: Лорета Ѓоргиева, претседатеп на Комисијата, м-р Селим Адеми и Мирсад Сурови, членови па Комисијата. Во продолжение истакна дека Комисијата одржала седница на ден 12.07.2023 година, на која согласно член 45 и 46 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ бр. 58/06, 35/08,150/10,83/18,

198/18 и “Сл.весник на РСМ “бр. 96/19) и објавениот оглас во Службен весник на РСМ бр. 86/23 од 24.04.2023 година ги раэгледала и извршила проверка на доставените пријави во поглед на навременост и комплетност на пријавите со потребните документите на кандидатите, по што по увид во пријавите и целокупната документација на секој кандидат посебно, Комисијата го констатирала следното:

По огласот за избор на 1 (еден) судија на Апелациониот суд Гостивар за кривична област, ч**ленот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд информираше дека пристигнале пријави од тројца кандидати и тоа од Ваиде Арслани, судија на Основен суд Гостивар, Јетмир Хамзаи, судија на Основен суд Гостивар и Емине Мурати, судија на Основен суд Гостивар за кои комисијата констатирала дека приложиле навремена и комплетна документација. Од наведените причини претседателот на Комисијата истакна дека е потребно Советот да донесе одлука за продолжување на постапката за избор на судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област за тројцата кандидати: Ваиде Арслани, Јетмир Хамзаи и Емине Мурати.

По однос на огласот за изборот на 1 (еден) судија на Апелациониот суд Штип за кривична област, **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд истакна дека пристигнале пријави од петмина кандидати од кои со навремена и комплетна документација биле пријавите на судиите: Невена Перица, судија на Основен суд Штип; Јулијана Недкова, судија на Основен суд Штип, Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип и Цона Каламерникова, судија на Основен суд Струмица.

Во продолежние претседателот на Комисијата нформираше дека Комисијата констатирала дека кон пријавата за огласот за избор на судија на Апелациониот суд Штип за кривична област, поднесена од кандидатот Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани немало приложено лекарско уверение, како и дека во пријавата поднесена од страна на судијата таксативно не биле наведени документите кои судијата приложено ги доставува кон истата.

По однос на наведената пријава поднесена од Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани, **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на

кандидатите за избор на судија во повисок суд појасни дека Комисијата констатирала дека пријавата е доставена по пошта на 08.05.2023 година, видно од печатот на пошта RC 052401344MK, со датум 08.05.2023 година, а во архивата на Советот е заведена под бр.09-858/2023-11 од 10.05.2023 година. По прием на писмената пратка, пријавата по огласот со прилог списите со писмен допис бр. 02-982/2 од 23.05.2023 година преку архивата на Советот е доставена до Комисијата за рангирање на кандидатите. Појасни дека истиот кандидат се има јавено и на огласот за избор на судија за граѓанска област во Апелациониот суд Штип, односно дека имало две пријави одовој кандидат со останатите уредни документи, меѓутоа Комисијата констатирала дека недостасува лекарското уверение. Бидејќи било необично да недостасува лекарско уверение, односно можеби повеќе ќе прифателе да недостасува некој од документите со кои Судскиот совет располага, појасни дека како Комисија повторно ја разгледале поднесената пријава со цел да се види дали се наведени самите докумети кои се доставени во прилог на писмото, со оглед на фактот дека сите пријави, со сите документи до комисијата биле доставувани во отворени пликоа и обвивка на списи за секој посебен кандидат, а со цел да утврдат да не се работи за превид од причини што кај овој кандидат и кај некои од другите кандидати не било наведено кои документи ги доставуваат во прилог со пријавата. Во продолежение претседателот на Комисијата, **членот на Советот Лорета Горгиева** укажа дека согласно со член 12 став 5 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Советот одлучува за прифакаіье на спорни и неприфатливи пријави.

Врз основа на наведеното **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд истакна дека е потребно Советот да донесе одлука со која постапката за избор на судија на Апелационен суд Штип, за кривична област ќе продолжи за судиите Невена Перица, Јулијана Недкова, Ацо Тасев и Цона Каламерникова.

По однос на кандидатот Сузана Милевска, **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд истакна дека за овој кандидат по однос на огласот за избор на судија во Апелациониот суд Штип и за кривична и за граѓанска област Комисијата доставува известување до Советот со цел Советот да одлучи во делот на комплетноста на документите и правото на кандидатот понатаму на приговор

По однос на огласот за избор на 1 (еден) судија на Апелацнониот суд Штип за граѓанска област, **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд ги информираше членовите на Советот дека Комисијата констатирала дека пристигнале пријави од четири кандидати од кои со навремена и комплетна документација биле пријавите на Тодор Поп Панев, судија на Основен суд Штип, Ѓорги Андонов, судија, односно претседател на Основен суд Штип и Алексапдар Цацков, судија на Основен суд Штип .

Врз основа на наведеното **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд истакна дека по однос на овие кандидати кои имаат навремени и целосни документи потребно е Советот да донеое одлука со која постапката за избор на судија на Апелационен суд Штип за граѓанска област ќе продолжи за судиите Александар Цацков, Ѓорѓи Андонов и Тодор Поп Панов во наредна фаза.

Во продолежние **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд истакна дека по однос на кандидатот Сузана Милевска, судија од Основен суд Кочани нема да се повторува бидејќи за истата колешка веќе се има произнесено. Дополни дека овој судија е единствен кандидат кој се има пријавено на двата огласа и дека Комисијата о с т а в а Советот согласно со законот да расправа и одлучи на седница во делот на кандидатурата на овој кандидат.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по извештајот изложен од **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми.** Истакна дека како членови на комисијата ги разгледувале сите документи на кандидатката и за граѓанска и за кривична област. Појасни дека бидејќи кандидатката аплицирала и за двете области, кривична и граѓанска, побарале да се утврди дали во двете пријави го има доставено лекарското уверение, по што констатирале дека истото го немало во пријавите ниту за граѓанската, ниту га кривичната област.

Со цел да не се отфрла пријавата и да не се смета за спорна дополни дека Комисијата одлучила да провери дали во пријавата

кандидатот таксативно ги наведува доказите кои ги доставува во прилог со пријавата со цел да се провери дали можеби при евидентирање на пријавите од Комисијата овој прилог доказ е загубен. Во продолжение истакна дека по проверката Комисијата констатирала дека кандидатот во пријавата немал наведено децидно што доставува во прилог. Отпосле кандидатот доставил доказ, а со цел Комисијата да се увери дека имал доставено лекарско уверение во периодот додека траел огласот, но истото не било доставено до Судски совет, односно како Комисија истото го немале. **Членот на Советот м-р Селим Адеми** во својство на член на Комисијата за рангирање дополни дека во Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд ваквата состојба е наведена како спорна за која треба да одлучува Судски совет, односно дека согласно Правилникот не одлучува Комисијата, туку одлучува Судски совет и затоа смета дека Советот треба да одлучи дали да се прифати или нема да се прифати пријавата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** постави прашање **до членот на Советот Селим Адеми:** „Дали Вие колега како комисија имате предлог или...“?, на што **членот на Советот Селим Адеми** одговори: „Значи, кажав немаме таков, предлог, ние пријавата ја сметаме како спорна од причини што кандидатот го доставил лекарското уверение во рокот утврден во огласот, но Комисијата го немала тој документ и затоа Комисијата оваа пријава ја смета за спиорна и за истата треба да одлучува Судски совет“.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд истакна дека сака да дополни дека во еден плик биле сите документи и двете пријави бидејќи се работело за една единствена пратка.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димоска** истакна дека не и е јасно.... „кога го доставила“, бидејќи било кажано дека не е стигнат.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** одговори дека доставата е после рокот.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** како член на комисијата истакна дека според него документацијата е нецелосна, но остава како ќе одлучи Судски совет на РСМ.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** постави прашање до комисијата: „Дали истото лекарско уверение е доставено до Судскиот совет додека течел рокот за пријавување“?

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** одговори, не после**.**

**Членот на Советот Весна Дамева** истакна дека истотака сакала да праша по однос на фактот за кој колегата Ханиф Зендели поставил прашање од кои причини ќе биде децидна: „Дали овој доказ кој што не е за занемарување како и било кој друг доказ, бидејќи тие докази се бараат и по закон и по оглас и неможе никој да цени што би значело недоставувањето на истите,..... но имам две прашања: „Дали е доставен по истекот на рокот“?, тоа ми е првото прашање и „Дали Комисијата се обратила официјално до судијата да каже дека недостасува доказ, или пак судијата разбрал усно од некои членови на Советот кои докази му недостасуваат“? Дополни дека тие се две прашања врз основа на кои ќе ја формира својата одлука, дека ќе ги сослуша одговорите, но доколку продолжи дискусијата ќе ја напушти седницата бидејќи како што и претходно информирала во 12,20 часот мора да излезе.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека од она што го слушнал од претседателот и членот на комисијата разбрал дека во рокот предвиден за достава на документација не е доставено лекарско уверение како еден од документите од потребната документација, но подоцна истото е доставено до Судскиот совет, но не е доставено до комисијата. Така разбрав....или и во овој момент нема доставено лекарско уверение.....и во овој момент нема ??. ВО продолжение истакна дека го разбрал колегата Селим Адеми дека во меѓувреме, по истекот на рокот е доставен таков документ, но не до комисијата, туку до Судскиот совет, затоа што .....еве да претпоставам....дека Комисијата си го завршила својот дел и нема потреба сега да го прибави документот. Во продолжение постави прашање: „Дали таков документ во овој момент има до Судскиот совет“?

**Членот на Советот Весна Дамева** дополни „....и на чие барање е доставен, дали официјално ?

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** во одговор итакна дека бидејќи се работи за судии, никој официјално не бара бидејќи нема мандат да бара официјално и да се обрати до кандидатот, бидејќи тоа е напишано. Дополни дека доколку тоа зависело само од комисијата, истата ќе одлучела, но кажано е дека кога има пријави кои се спорни во некои делови треба да одлучува Советот од причини да не настане состојба кандидатот потоа да се жали во смисла....„јас доставив, ве известив“..... затоа комисијата го известува Судскиот совет. Во продолжение **членот на Советот Селим Адеми** во својство на член на Комисијата за рангирање дополни дека кандидатот додека траел огласот немал навремено достаено лекарско уверение бидејќи комисијата ги

земала документите да расправа по истите по завршување на огласот, при тоа нагласувајќи дека лекарското уверение било извадено во период додека траел огласот. Воедно истакна дека ова го кажал и во претходната дискусија, а не дека лекарското било доставено во тој период, во кој случај ништо немало да биде спорно. Сепак од причиин што станувало збор за судија од страна на комисијата било укажано на секретарот на комисијата да се распраша со судијата, со цел комисијата да има чиста состојба и да не дојде до вложување на жалба. По консултациите судијата изјавил дека имал доставено лекарско уверение и истото го приложил, но Судскиот совет во тој период пред огласот, односно додека траел огласот го немал....... да сме јасни и чисти...

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека **членот на Советот Весна Дамева** од лични причини ја напушти седницата и и ќе биде отсутна.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд истакна дека нема да се повторува од причини што членот на комисијата Селим Адеми убаво образложил дека бидејќи комисијата констатирала дека недостасува лекарското уверение, а било многу симптоматично бидејќи во пратка отворена..... „некогаш се случува и при отворање на документите... да кажам дека недостасува и може да се смеша со друго. ....незнам едноставно во моментот кога комисијата ги гледаше документите, го немаше“....., а секретарот на комисијата ја контактирал судијата чисто да се праша дали навистина недостасува овој документ бидејќи две пријави доставила, за двата огласа, а не е нешто, лекарско уверение е. Во продолжение истакна дека при разговорот судијата кажала дека доколку не е проблем ќе го достави, но сето тоа било надвор од рокот, односно на истечен оглас и дека евентуално со приговор ќе достави препис од истото бидејќи имала извадено лекарско уверение со ист датум како и останатите. **Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд дополни дека како комисија сметале дека не смеат да се впуштаат и да прифаќаат дополнително доставен доказ надвор од рокот, поради што оставиле да известат со уреден извештај доколку колешката сака да го достави како доказ со приговор.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека внимателно ги слушнал преставниците на комисијата и можел да заклучи дека во овој момент, а тоа е моментот пред да се одлучи за уредност на пријавата има доставено таков документ, таков доказ од кој може

Советот да заклучи дека лицето, ако бара законот дали лицето е здравствено способно, Советот може да констатира дека е здравствено способно, и дека неможе да го спори тој факт... Дополни дека е либерален во тој дел и дека него навистина ќе му биде пријатно да има натпревар и од подобриот апликант Советот да го одбере најдобриот затоа што незнае и нема образложение како Советот да биде позитивно сватен кога сега ние во оваа фаза, во овој момент цел Совето дискутирал за една апликација и не му дозволува на колегата да аплицира..... па понатака може и ќе биде избран......, заради една формалност затоа што доставил......, ама може е направен превид. Во продолжение дополни дека во овој молмент кога комисијата се повикува и бара Судскиот совет да одлучи тој дава предлог да се прифати апликацијата и да му се даде рамноправна можност на кандидатот во постапката да продолжи да се натпреварува и оној кој што ќе биде најдобар, со најдобри освоени поени да биде избран.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека најнапред ќе се осврне на дискусијата на **членот на Советот Ивица Николовски** во делот дека цел Судски совет дискутира за една апликација истакнувајќи го следното: .....„да...тоа ни е работата колега Ивица да утврдиме благовременост на поднесените пријави“. Во продолжение истакна дека судиите во многу наврати не ги доставуваат потребните документи согласно огласот дополнувајќи дека неможе тоа да го разбере бидејќи било кој друг ќе го прочита огласот и ќе си достави се што е наведено и што бара законот, додека судиите тоа не го прават. Дополни дека бидејќи досега Советот прифаќал и такви пријави заради тоа Советот треба да биде воедначен во постапувањето. Во таа насока дополни дека би прифатила и оваа пријава да биде прифатена како комплетна дотолку повеќе што во многу наврати била критикувана поради нејзиниот строг формализам, па кога ќе излезе полиберална и тогаш е критикувана, ама во конкретниот случај бидејќи станува збор за прилог кон пријавата кој што сепак е доставен, макар и по истекот на рокот, смета дека во конкретниот случај треба да се земе како уредна бидејќи досега имало такви случаи во Советот.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека и се наметнало едно прашање до комисијата, Обраќајќи се до комисијата истакна ....„ „после истекот на рокот таа вам ви достави оригинал или фотокопија од лекарско уверение“....дополнувајќи дека за неа е неспорно тоа дека и тоа го разбрала, дека лекарското уверение било извадено во периодот додека траел огласот .....„ „Што Ви достави потоа...“?

**Членот на Советот Лорета Горгиева** во одговор истакна дека смета дека се повторува и дека и таа и колегата Селим Адеми објасниле

дека како комисија неможеле да констатираат нешто поразлично од тоа што го констатирале, дека во моментот во отворените документи од пликот тоа недостасувало. Во разговор телефонски на секретарот на комисијата со колешката....., „значи никој од комисијата, туку секретарот ја контактираше колешката“... кажала дека доставила лекарско уверение, меѓутоа доколку фали ќе извади препис и дека истото е доставено истиот ден со сите документи, а зошто не било прилог кон останатите се оградила.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека и е јасно дека колешката доставила со пријавата и лекарско уверение но дека го немало, после што доставила препис во истиот период.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека смета дека ако оригиналот е доставен после тоа, значи не е доставен, .....„таа може го извадила, но заборавила да го достави“....., „Како би го доставила оригиналот после истекот на рокот“?

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека го прашала истото: „Дали е доставен препис или оригиналот “?

**Членот на Советот Антоанета Димовска** смета дека доколку Советот и досега бил либерален како за колегата Нанев кога се одлучувало и се прифатила неговата ...... што и таа да гласала ќе гласала да му се прифати приговорот ......дополни дека веднаш ќе каже дека треба да се прифати апликацијата и дека сепак Советот треба да утврди дали е тој психофизички способен да ја извршуваа функцијата.... Во продолжение истакна дека ....„ако она го докажува тоа.... но бидејќи сепак постојат таксативни услови кои се наведени., .....сепак смета дека треба да и се усвои приговорот, односно да се прифати пријавата ....... нема приговор

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека не се работи за приговор дополнувајќи дека право на приговор тој има, но во конкретниот случај не се работи за приговор**.**

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека и неговото прашање било директно во делот на периодот кога било извадено лекарското уверение, но веќе е јасно. Во продолжение истакна дека има и друго прашање по однос на одлуката за избор на судија во Апелационен суд Штип. Во таа насока постави прашање: „Дали судиите Александар Цацков, Ѓорги Андонов и Тодор Поп Панов се во граѓанскиот дел“?

**Членот на Советот Лорета Горгиева** одговори дека се апликанти во граѓанскиот оддел.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека доколку никој од останатите членови не се јавува за збор ќе го изнесе своето убедување по однос на ова прашање. Во таа насока истакна дека Советот мора да биде прецизен и дека токму од тие причини некогаш и со право граѓаните стекнуваат некаков впечаток. Дополни дека знае дека во вакви ситуации Советот донесувал одлуки со кои бил ригорозен на некој начин од причини што не биле комплетни документите, а некогаш во вакви и слични ситуации ретерирал иако формално правно биле битни и потребни за огласот, а од друга страна има состојба кога некој е психофизички здрав и тоа не е спорно и никој не го спори.

Во таа насока истакна предлог за вакви работи да се заземе став и да се постапува воедначено, а не во иднина кога ќе има вакви случааеви да се констатира дека нема услови односно документи. Од наведените причини во продолжение уште еднаш нагласи дека треба да се постапува внимателно бидејќи во минатото имало случаеви кога и се одбивале пријавите во вакви ситуации бидејќи документите не биле комплетни. Смета дека Комисијата можеби со право ова го истакнала како проблем во смисла на тоа дека за нив е дилема, а Советот е за тоа да одлучи, но ако се одлучи тоа да биде став за во иднина и кога ќе има вакви и слични случаеви, па иако недостасува тоа е формално –правно небитно во целата ситуација, но е битно бидејќи некогаш има последици од тоа кога било битно па од тие причини биле отфрлани апликациите или постапувале по приговор и слично. Повоторно нагласи дека мора да се постапува воедначено повикувајќи ги членовите да го имаат тоа предвид, а секој да си го каже своето.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека во материјалите не е ставен и огласот поставувајќи прашање во таа насока: „Дали во огласот стои одредбата што треба да исполнува кандидатот или пак се наведени таксативно кои документи треба да ги достави" ? Дополни дека ова се однесува и по однос на кандидатот Ацо Тасев по однос на потврда за судиски стаж.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека тоа од страна на Комисијата не било спомнато.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека во записникот не стоела потврда за судиски стаж, а огласот го немало во документите да се види што е барано од кандидатите – судиите

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека смета дека некои работи се заборавaaт дополнувајќи дека Судскиот совет кога расправал за одредени огласи донел заклучок сите документи кои Судскиот совет ги има во досието на судиите почнувајќи од диплома,

правосуден, судиски стаж ....не се битен елемент и дека тоа било одлучино и сите членови го гласале  и затоа не било земено во предвид. По однос на лекарското уверение истакна дека е тоа документ со кој Советот не располага, а се бара во огласот дополнувајќи дека сега незнае што треба, и дека смета дека некои работи кои се сметаат за затворени нетреба да се отвораат повторно.. По однос на судискиот стаж истакна дека се проверува во системот, го има судијата и не се бара.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека е така, дека тоа е заклучок на Советот од пред година време.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека е точно дека Советот заклучил дека сите документи кои Советот ги има да не се доставуваат, но во друга прилика било заклучено во огласот да стојат сите докумети кои треба да се достават, како што било и претходно за кандидати за членови за Судски совет, кога било точно наведено кои документи треба да се достават, но не ги доставуваат. Во продолжение истакна дека доколку на судија во огласот му стои кои документи треба да ги достави а не ги достави....., незнам што треба Советот.? Во продолжение истакна дека ако е донесен заклучок да се прифаќа дека тоа што го има тука, да биде во ред, а од друга страна има и заклучок во огласот да стои кои документи треба судијата да ги достави.... „Сега во огласот ние пишуваме дека треба потврда за судиски стаж, а од друга страна велиме дека не потврда не треба имаме ние податоци....“ Поради наведеното смета дека мора Советот да е јасен за да знае што бара и што ќе бара, да нема исклучоци и да нема различна пракса бидејќи основно е владеење на правото и правна сигурност.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека е истомисленик во тој дел и дека по однос на ова Советот треба да биде воедначен за да потоа не се јавуваат ситуации со проблеми. Дополни дека како што и колегата кажал, дека тие документи со кои што Советот изворно располага, кои што колегите ги прибавувале од архивата на Советот како досие, дека тоа е неспорно дека доколку недостасуваат може да се има во предвид, но во состојба кога нешто таксативно е наведено во самиот закон дека треба да биде во оглас и треба да биде наведено како документ и сега доколку во тој дел еднаш се прекршува тука се јавува тој проблем. Побара во тој дел да се постапува внимателно.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** постави прашање: „Дали имало ситуација да Советот не прифати и да одбие пријава ако недостасува лекарско уверение или некој друг документ кој што не го поседува Судскиот совет“?

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** одговори дека имало при што даде збор на **членот на Советот Селим Адеми** да се произнесе.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека треба да се прави разлика помеѓу оглас за рангирање на кандидати во повисок суд и оглас за избор на членови на Судскиот совет бидејќи во случаите за избор на кандидати во повисок суд се знаело како се постапува со кандидатите и врз основа на што. Во таа насока дополни дека согласно Правилникот на истиот оглас Судскиот совет одлучил, гласал и донесол заклучок за во иднина кога се работи за кандидати за во повисок суд бидејќи тие се веќе судии, активни судии, првостепени или апелациони судии кога се работи за диплома, за правосуден, за стаж да не им се бараат и сите тие да се прифати дека се во ред. Дополни дека смета дека тоа е веќе апсолвирано прашање.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека Советот го има расчистено ова прашање, дека на ова прашање Советот посветил повеќе внимание и со расправа и со дискусија и врз основа на тоа поединечно несогласување од конкурс на конкурс Советот на една од седниците која била на почетокот на неговото доаѓање во Советот донел заклучок кој добро се сеќавам бил следен: „Прво да не бидеме многу формалисти и оние податоци со кои располага Судскиот совет не ги бараме, но точно ќе биде наведено што бараме и тука нема дилема, односно ќе се откажеме од тие формалности особено за оние докумети со кои располага Судскиот совет затоа што во Судскиот совет има досие, но во огласот ќе се наведе што се бара од апликантот“.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека прашала „Што стои во огласот“? ...при што и било речено дека во огласот стоело дека се бара потврда за судиски стаж. Дополни дека доколку Советот донел заклучок дека нема да се бара она што го има како Судски совет или треба да го има тогаш незнае што потврда Советот има за судиски стаж, меѓутоа има и празни досиеа каде што можеби нема дипломи. Во продолжение истакна дека како и да е смета дека доколку Советот донел таков заклучок тогаш зошто во огласот што го објавува Советот стои „потврда за судиски стаж“, тоа е нејзиното прашање. Дополни дека доколку е ставено дека треба да се достави потврда за судиски стаж тогаш судијата кој го чита огласот треба да ја достави.....„правници сме и има разлика во работите, дополнувајќи дека доколку тоа е ставено од Советот како потребен документ треба да го достави, ако не е ставено во огласот ќе се види во евиденцијата со која располага Советот, односно дека неможе и едно и друго да стои, а после тука во Советот да се препираме дали е во ред или не е во ред.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека Советот сега не разговара за тоа дали е апликацијата уредна или не, туку се зборува што се договорил Советот, а што се договорил на седница и што заклучок има донесено сите знаат, а ако незнаат може да се провери во записниците од таа седница. Во продолжение истакна дека е точно тоа што го кажува **членот на Советот Мери Радевска**, дека Советот се договороил дека бидејќи има такви ситуации еднаш да се прифаќаат ваквите апликации, со недостаток на некои документи, друг пат да не се прифаќаат и да нема невоедначена пракса точно било договорено, како олеснување за судиите. По однос на наводот дека е трошок истакна дека не би го прифатила бидејќи секој што конкурира на оглас има обврска да ги доставува документите, па зошто не и судиите. Дополни дека ако Советот се договорил, а се договорил дека она што за судиите го има како податок во базата на Судскиот совет, да не се бара, а во огласот точно да се наведе и да стои на крајот на огласот „пријавите со некомплетна документација ќе се отфрлааат, тогаш обраќајќи се кон членот на Советот Селим Адеми истакна: „тогаш дали станува збор за унапредување или за избор на член на Судски совет кој се бира од редот на судиите исто е колега Селим, имаме истите податоци за судиите“. Од наведените причини побара да се скрати, да се одлучи по конкретната апликација и еднаш за сите да се носат исти одлуки.

**Членот на Советот Селим Адеми** истакна дека на сите им е јасно дека огласот не го пишува и не го објавува комисијата. Во врска со огласите истакна дека кажувал многу пати, ако се чита последниот оглас што бил објавен требало да не се бараат потребните докумети..... „читајте, па ќе видите што требало на огласот, а дека пак на огласот стојат тие, тоа не е пропуст на комисијата зошто огласот не го прави комисијата туку се прави од службите и се објавува без да оди на проверка од членовите на комисијата. Во продолжение истакна дека има донесен заклучок дека не треба да се набројуваат сите, туку само да се кажува дека тие ќе достават, а документите ги има. Во таа насока обраќајќи се кон колегите истакна: „и сега почитувани колеги жалам што ние сега тука расправаме за колега, колку стаж има судијата и зашто доставил потврда или недоставил, иако една година овој Судски совет на сите тие што немаа таква потврда ги прифаќаше. Поради наведеното истакна дека...... сега и јас незнам што сакаме да кажуваме, што сакаме да се убедуваме, навистина неможам да сватам и повеќе нема да коментирам“.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** истакна дека се согласува со она што го кажа **членот на Советот Мери Радевска** по однос на дефинирање на начинот на објавување на огласите бидејќи во неколку огласи station наназад што се објавени видел дека стојат само членови

од законите, кои членови имаат и измени ...итн. Од тие причини смета дека Советот се доведува во ситуација каде што има дилеми по однос на документацијата. Во продолжение истакна дека несака никогаш да се навраќа на тоа што има кажано и како има кажано, меѓутоа смета дека моментот кога е прекршен строгиот формализам на Судксиот совет, а тоа бил точно определениот законски начин на аплицирање, односно поднесување на документи, предвидел дека Советот ќе се доведе во ваква ситуација каде што во одредени ситуации ќе биде субјективен. Поради наведеното истакна дека бара Судскиот совет малку да ги дисциплинира посебно повозрасните судии,.... „без нвреди бидејќи секогаш има исклучоци“, бидејќи гледа дека некои судии се чуствуваат како .... „ај јас ќе поднесам и ќе ми помине“, за разлика од помладите судии, односно академците за кои имаше прилика да се види во двата огласа дека немаше да фали ниту еден документ, па дури во секое досие имало и документи кои што не биле задолжителни. Од тие причини смета дека треба да се дефинира начинот на објавување на огласите при што точно да стои кои докумети ќе ги обезбеди Судскиот совет по службена должност, а кои документи треба да ги поднесат кандидатите. Во насока на изнесеното истакна дека за овој случај ќе гласа за прифаќање на апликацијата, но одсега натаму во  вакви ситуации ќе гласа против.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека наоѓа за потребно како претседател на Комисијата, во свое име и во име на членовите на комисијата кои работеле законито и прописно при што секоја пријава со секој документ била детално разгледана и бил направен записник кој го ....„имате пред вас“. Дополни дека токму овој записник и овој извештај ја изразуваат законитоста на работата на комисијата. Во продолежение истакна дека доколку сакале да прифатат нешто надвор од тоа, тоа ќе се видело, но тие како членови на Комисијата најуредно се што констатирале навеле во записникот и во извештајот и извештајот ја изразува реалната фактичка состојба за секој поединечен апликант. Дополни дека Комисијата нашла за потребно да нагласи за овој кандидат бидејќи како што .....„кажа и Селим, да не се повторуваме за истото“ канидатот бил телефонски контактиран при што станало чудно со поднесени две пријави внатре во пликото, со обвивка на списи, бидејќи секој предмет бил засебен, со обвивка на списи, да недостасува лекарско. Ако било во делот на документи со кои располага Советот, можеби тоа што е дискутирано за другиот кандидат немало да биде проблем, меѓутоа се работело за лекарско уверение кое се вади од здравствена организција. Од тие прични членот на Советот Лорета Ѓоргиева во продолжение истакна дека била контактирана судијата и од тоа што е пренесено и од секретарот на комисијата е дека истата тврдела дека е извадено и пратено. Од кои причини незнаеме, дали тука

има превид,... затаило, дали при праќање на документите колешката не го ставила во плик тоа неможе да го докажеме, но истата тврдела и кажала дека препис од истото, со истиот датум кога се извадени сите документи, извадила и лекарско уверение и дури прашала дека е од матичен лекар дали ќе биде проблем, бидејќи не е од медицина на трудот“. Поради наведнеото смета дека како комисија ја образложиле реалната фактичка состојба во целост и оставиле како што е законски Советот да одлучи каква одлука ќе донесе. По однос на огласот истакна дека: „во делот на огласот бидејќи сега ни беше доставен гледам дека се наведени само членовите и условите кои треба да ги исполнува. Во овој оглас за разлика од некои други се таксативно наброени документите кои треба да бидат доставени, во овој гледам дека не се.... сега не се сеќавам“. Во продолжение побара пауза од 10-15 минути поради жешкото време, после што би ги земала сите пријави и би ги изложила пред членовите на Советот после што да се пристапи кон гласање.

**ВД генералниот секретар Весна Толева** појасни дека имало два различни огласи за претседател и за судии при што на лице место биле определувани условите.

**Претседателот на Советот Сашко** Георгиев во 14,45 часот даде пауза од 15 минути.

По завршување на паузата седницата продолжи во 15,08 часот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека седницата ќе продолжи со дискусиите по 5-та точка од Дневниот ред – „Разгледување на Извештајот од Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд“.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд. Бидејќи повеќе работи се начнале за проверка, предложи ако може гласањето за оваа точка да се остави за крај, а сега да се продолжи со другите точки од дневниот ред од причиин што лично сакала дополнително да провери некои иследувања и да направи повторно проверка во огласот бидејќи сепак се работело за повеќе кандидати.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** во контекст на барањето на **членот на Советот Лорета Ѓоргиева** постави прашање до останатите членови на Советот: „Дали се согласни заради дополнителни испитувања и иследувања на материјалот да се одложи гласањето по оваа точка од дневниот ред“.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** појасни дека одлагање на гласањето бара од причини што од некои членови на Комисијата била посочена некоја техничка грешка, па да се провери дали е така**.**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** откако доби согласност од останатите членови на Советот го одложи гласањето по 5-та точка од дневниот ред истакнувајќи дека во продолжение на седницата ќе се продолжи со разгледување на 6-та точка од Дневниот ред – „ Разгледување на извештаи од работни посети во Апелационен суд Скопје, Основен суд Дебар, Основен суд Струмица и Основен суд Струга“, со укажување дека подоцна повторно на гласање ќе се врати 5-та точка од дневниот ред.

**Точка 6**

**Разгледување на извештаи од работни посети во Апелационен суд Скопје, Основен суд Дебар, Основен суд Струмица и Основен суд Струга;**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** информираше дека од страна на членовите на Советот се изготвени извештаи од работни посети на судови кои ќе бидат редоследно изнесени од страна на членовите на Советот-известители.

Процедурално за збор се јави **членот на Советот Мери Радевска**. Истакна дека за Апелациониот суд Скопје е изготвен делумен извештај, како што е и насловен од двајца членови на работната група, дополнувајќи дека раководител, односно координатор за работата на Апелациониот суд Скопје била колешката Мирјана Радевска која повеќе не е тука, а во делумниот извештај недостасувала работата на третиот член на работната група. Во продолжение истакна дека денес дознала дека има извештај и од третиот член на работната група, но дека тој не бил вклопен во единствен извештај. Поради наведените причини истакна дека смета дека би било пожелно да се изготви единствен извештај, со заеднички констатации, без колешката која е отсутна, за да се објави како единствен извештај затоа што вака нема заеднички констатации од целата работна посета.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** постави прашање до **членот на Советот Мери Радевска**: „Дали го повлекува извештајот“?

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека предлага извештајот да остане за наредната седница

Во продолжение за збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски**. Истакна дека од истите причини дава предлог за повлекување на извештајот на Основен суд Струмица. Дополни дека во материјалите е доставен делумен извештај со оглед дека координаторот за овој суд, кој сега не е тука, не е присутен бил и одговорно лице при извршената посета. Поради наведените причини предложи да се одложи извештајот од денешната седница, истиот технички да биде подготвен, после што да биде разгледан на една од наредните седници.

**Претседателот на Советот Сашко Георгие**в постави прашање: „Дали постои согласност за наведените предлози од причини што извештаите не се комплетни. Во таа насока предложи извештаите од работните посети на Апелационен суд Скопје и Основен суд Струмица по даден предлог од координаторите, односно членовите на комисиите кои што биле членови на овие работни група се сметаат за повлечени

**Претседателот на Советот Сашко Георгие**в дополни дека за денешната седница остануваат да се разгледаат извештаите од работните посети на Основен суд Струга и Основен суд Дебар

Во таа насока збор даде на **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** како член на работната група за посета на Основен суд Струга, да го презентира извештајот за работната посета на Основниот суд Струга.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа п**ристапи кон изложување на извештајот. Истакна дека со Заклучок на Претседателот на Судскиот совет на РСМ бр.03- 1313/1 од 26.06.2023 година формирана е работна група која ќе изврши вонредна работна посета на Основен суд Струга, која посета се реализирала на ден 27.06.2023 година во состав од членовите на Советот м-р Миљазим Мустафа, Лорета Ѓоргиева и Ивица Николовск. .За одговорен член бил определен м-р Миљазим Мустафа, а записникот го водела Јулијана Георгиевска државен советник во Судскиот совет на РСМ. Во продолжение ч**ленот на Советот м-р Миљазим Мустафа** истакна дека во рамките на работната посета работната група требало да изврши разговор со судиите за евентуално влијание во постапување по предметите заведени во

судот кои се однесуваат на општина Струга и градоначалникот Рамиз Мерко и до каде се постапката по истите. Работната група остварила средба со Претседателот на Основниот суд Струга, Ифет Бајрамоски кој ја запознал работната група со состојбата и бројот на судии во Основниот суд Струга и за состојбата со пополнети судиски места во судот. Согласно систематизацијата во Основен суд Струга биле предвидени 15 судиски места, а судот работел со 5 судии од кои 1 (еден) претседател на судот. Од Основниот суд Охрид на работа во Основниот суд Струга времено бил делегиран 1 (еден) судија. Од судиите 1 (еден) судија работел кривични предмети, 1 (еден) судија кој бил делегиран работел на прекршочни предмети, 1 (еден) судија на граѓански предмети и стечај, 1 (еден) судија на граѓански предмети и впп и 1 (еден) судија на претходна постапка и прекршоци. Дополни дека до крајот на 2023 година од Основен суд Струга во пензија ќе заминеле 3 (тројца) судии. Во продолжение истакна дека по кратката дискусија со претседателот на судот од страна на работната група биле побарани податоци за состојбата со предмети во судот во кои како странка (тужител или тужен) е општина Струга, градоначалникот Рамиз Мерко и Меѓународниот Универзитет во Струга за периодот 2020-2022 година. Од листингот на предмети во кои општината Струга се јавувала како странка ( тужител или тужен) било констатирано следното: Во 2020 година биле оформени 9 – МАЛВП предмети; 5 - ВІШ предмети; 1 -ПРК-0 предмет; 2 -ПРКИ предмети; 4 -РО предмети; 2- П 1 предмети; 6- П4 предмети; од трговскиот уписник 2-ТС 1 предмети, 1 -МАЛВП ПЛ 1 -ТС предмети и 1-ПЛ 1 ТС предмети. Во 2021 година оформени биле 6 – МАЛВП предмети; 6 - ВІШ предмети; 1 -ПРК-0 предмет; 2 -ППНИ предмети; 2 -ТС предмети; 36 – РО предмети; 6- П 1 предмети; 3- П 4 предмети; 4-ТС 1 предмети и, 1 -ВПП2 предмет. Во 2022 година оформени биле 5–МАЛВП предмети; 5-ВПП предмети; 2- ПРК-0 предмети; 4 -РО предмети; 7- П 1 предмети; 3-П4 предмети; 3-ТС 1 предмети и 1 -ВПП2 предмет. Од листинг на предмети во кои градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко се јавувал како странка (тужител или тужен) било констатира дека во 2022 година заведени биле 2 предмети: 1-РО предмет и 1-ПЅ предмет. Од листинг на предмети во кои Меѓународниот Универзитет во Струга се јавувал како странка (тужител или тужен) било констатирано дека во 2021 година имало 3 предмети: 1- ПРК-0 предемт, 1 – П1 предмет и 1 ВПП2 предмет кои биле завршени. Од 2022 година имало 1 -П5 предмет кој сеуште не е завршен.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** во продолжение на презентирање на извештајот од работната посета истакна дека во

текот на посетата бил извршен и увид во предмети, дополнувајќи дека за една посета неможеше да се изврши увид во сите предмети од кои причини при елаборирање на извештајот повеќе ќе се задрши на предметите за кои постоел интерес во јавноста, а кои биле разгледани од останатите членови на работната група. Во таа насока **Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** како претседател на работната група истакна дека на кратко ќе ги изложи предметите, за кој предмет каков бил епилогот, а колегите доколку сакаат може да земат збор и да дадат подетално објаснување по однос на истите. По однос на предметот **ППНИ** бр.64/14 истакна дека по иницијален акт - Барање за проширување на минимумот средства за извршување на основната дејност на должникот, Општина Струга, поднесено од градоначалник Зиадин Села, датум на прием 26.11.2014 година, врз основа на судска пресуда ТС 48/2008 на 27.01.2010 година извршителот Марјан Деребан до Општина Струга доставил налог за извршување И.бр.183/2011 од 24.11.2011, за исплата на главен долг со камата од средствата на општината Струга за сметка на доверителот Влада на РСМ, Министерство за финансии. Барањето било поднесено врз основа член 211 од Законот за извршување, споед кој: „Врз предметите и правата на единиците на локалната самоуправа-општините, неможе да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задача". Дополни дека основното решение со кое е определен таков минимум е решението на Претседателот на Основен суд Струга број,ПГП-Ш бр.17/12 од 17.04.2012 година, со кое е определен износ од 16.693.500,оо денари, како месечен износ неопходен за вршење на дејноста и задачите на должникот и врз истиот износ да не може да се спроведе извршувањето. Во продолжение истакна дека решението било потврдено од Апелационен суд Битола со решение ТСЖ 463/12 од 14.05.2012 година., а од наводите во барањето на Општина Струга видно било дека истото се поднесува за износ, односно минимум кој што е утврден врз основа на податоци од завршна сметка и усвоен буџет за 2011 година. Во образложение на основаноста на барањето стоело дека во наредните три години - 2012, 2013 и 2014 година се промениле условите на работење од повеќе причини (таксативно се наброени со законски измени и потреби кои довеле до промена на состојбата). Завршно со пресуда ТС 48/08 од 27.01.2010 на Основен суд Струга тужените МЈП Про Аква Струга, Општина Струга и Општина Охрид биле задолжени да му платат на тужителот – РМ-Министерство за финансии главен долг со камата над 81 мил. денари за кој износ била блокирана сметката на Општина Струга, но не и сметките на Општина Охрид и МЈП Про Аква Струга. Членот на

Советот м-р Миљљазим Мустафа во понатамошното презентирање на извештајот од работната посета истакна дека Општина Струга досега го имала измирено скоро 100 % од овој главен долг, меѓутоа тоа било само 50% од вкупните обврски од пресудата или 90% од нејзиното процентуално учество од искористениот кредит. За доказ истакна дека било доставено вешатачење од вешто лице. Со решението ППНИ 64/14 од 26.11.2014 година барањето за зголемување на минумум средства определени со решение со Основен суд Струга, ППНИ 17/12 од 17.04.2012 година делумно било усвоено. Со тоа била извршена измена на решението во делот на месечен износ и бил определен износ од 22.430.000,00 денари како месечен износ над кој не можело да спроведат извршувања на парични побарувања на доверител МФ по налог на извршување И бр.183/2011 од 24.11.2011 година. Барањето над досудениот износ до бараниот износ од 26.340.000,00 било одбино како неосновано. Во образложението биле дадени точни наводи за одлуката. Од страна на РМ – МФ – Државен правобранител за Струга доставена била жалба од 15.01.2015 година со предлог барањето на Општина Струга да се одбие како неосновано. Имало одговор на жалба од Општина Струга, а од страна на извршител Диматар Стаменков именуван за подрачје на судовите Охрид, Струга и Дебар од 23.01.2015 година доставен били предмет И бр 183/2011 за одлучување. Апелационен суд Битола со решение ТСЖ 57/17 од 03.03.2015 година жалбата ја уважил и решението на претседателот на Основен суд Струга, ППНИ 64/14 од 26.11.2014 година го укинал и предметот го вратил на повторно одлучување. При повторно одлучување претседател на Основен суд Струга донел решение ППНИ 14/15 од 20.04.2015 година, со кое барањето на Општина Струга за измена на решението на Општина Струга ППНИ 17/12 од 17.04.2012 година го одбил како неосновано. Во образложението на одлуката стоело дека не е прифатено вештачењето прилог кон барањето. Општина Струга преку градоначалник Зијадин Села поднела жалба на истото по која Апелациониот суд Битола донел решение ТСЖ 495/15 од 13.08.2015 година со кое жалбата била одбиена како неосновано, а решението на Основен суд Струга, ППНИ 14/15 од 20.04.2015 година било потврдено. Ново барање од Општина Струга било поднесено на 18.04.2016 година, заведено под број ППНИ 24/16, врска ППНИ 17/12, со барање за износ на минумум 33.230.000,00 денари (градочалник Зијадин Села). Жалба од Општина Струга е вложена на 27.05.201 година, каде што имало и писмено произнесување од Државното прабобранителство на РМ од 18.05.2016 година пред одлучувањето од претседателот, со предлог

барањето на општината да се одбие како неосновано. По жалбата на Општина Струга Апелациониот суд Битола донел решение ТСЖ 322/16 од 21.06.2016 година со кое жалбата била одбиена, а решението на претседателот на Основен суд Струга ППНИ 24/16 од 13.05.2016 година било потврдено. Од вештачењето од вешто лице Чавковски Стојче заверено во Општина Струга под број 03-1470/2 од 12.04.2016 година, изработено по барање на општината бр. 03-1470/1 утврдено било завршно мислење за утврден минимум средства потребни за извршување на основната дејност на должникот Општина Струга на износ од 33.230.000,00 денари при што е земен предвид и буџетот на Општина Струга за 2016 година, за што исто така се приложени и докази кон барањето. Постапувајќи по барањето претседателот на Основен суд Струга, Ифет Бајрамовкси донел решение ППНИ 24/16 од 13.05.2016 година со кое бараното зголемување на минимумот определен со решение на Основен суд Струга ГПІНИ 17/12 од 17.04.2012 година на износ од 33.230.000,00 денари го одбил како неосновано. Членот на Советот м-р Миљљазим Мустафа во понатамошното презентирање на извештајот од работната посета истакна дека истакна дека ова било произнесување на работната група по однос на првото барање, како и дека во продолжение ќе се произнесе по однос на второто барање, односно по однос на предметот ППНИ.бр.84/17. По однос на овој предмет истакна дека предметот е оформен по изјавено барање од страна на Општина Струга, со кое субјектот бара определување на минимум парични средства (лимит) неопходни за извршување на дејноста на барателот- Општината. Од увид во списите на предметот констаирано било дека со барањето биле приложени финансиски документи-докази, кои дополнително биле разгледани од вешто лице од економска област, од кое бил изготвен стручен наод и мислење во прилог со што е даден предлог за минумум на парични средства за вршење на дејноста од страна на општината. Дополни дека по погоре заведениот предмет, постапувал судијата Ифет Бајрамовски, кој е и претседател на Основен суд Струга и дека со решение ГПНИ- 84/17 од 17.11.2017 година барањето било усвоено и бил определен лимит на парични средства во износ од 50.425.000 денари, кои парични средства согласно одредбите на чл.218 ст.1 и 2 од Законот за извршување биле неопходни за вршење на дејноста на општината. На ова решение доверителот изјавил жалба но истата ја повлекол по што решението станало правосилно. Од образложението на пресудата произлегувало дека со правосилна-извршна судска одлука-пресуда бр.48/2008 од 17.01.2010 година, Општина Струга во својство на тужен-солидарен должник, заедно со тужените Општина Охрид и ЈП

Проаква, се задолжени на тужителот РСМ-Министерство за финансии на име главен долг да платат сума во износ од 81.264.886,00 денари зголемена со ЗКК, и трошоци на постапка. Тужените не постапиле доброволно во рокот предвиден во правосилната пресуда, односно не извршиле плаќање, од кои причини по изјавено барање за присилно извршување од страна на тужителот пред нотар Марјан Деребан за подрачје на Основен суд Струга заведена била извршна постапка под И бр.183/11 од 24.11.2011 година. Издаден бил налог за извршување на главниот долг заедно со другите дополнителни барања и извршни трошоци, во вкупен износ од 162.841.963 денари, со кој се барало парични средства од сметката на солидарниот должник Општина Струга да се префрлат на доверителот Министерство за финансии. Извршната постапка со издадениот налог за присилна наплата, ја блокирала сметката на Општина Струга, од кои причини Општината Струга во период на 2012 година ,барала определување на лимит на парични средства неопходни за функционирање на Општината. По вака изјавеното барање оформен бил предмет ГПНИ бр.17/12 од 17.04.2012 година, по кој постапувал судијата Ади Усеини кој со решение определил лимит на парични средстава во износ од 22.643.500 денари. Со одлука на Апелациониот суд Битола, ТСЖ бр.463/12 од 14.05.2012 година, определениот лимит од страна на првостепениот суд делумно се усвоил на начин што повисокиот суд определил лимит во износ од 16.693.500 денари како средства неопходни за вршење на дејноста, Општината работела и функционирала се до 2017 година, кога било поднесено последното барање за определување на лимит. Во последното барање за определување на лимит или минимум средства неопходни за функционирање на Општина Струга, општината покрај приложените докази дала и посебно образложение за променетите фискални-финансиски промени и зголемените потреби од парични средства, сметано за период 2012 до 2017 година. По ова барање бил оформен предмет И бр.48/17 од 17.11.2017 година каде лимитот како минимум потребни парични средства за вршење на дејноста на општината бил определен на сума во износ од 50.425.000 денари. Членот на Советот м-р МиљазимМустафа истакна дека како заклучок по однос на овој предмет од увид во списите на предметот и непосредниот разговор со судијата кој одлучувал по барањето, а во својство на претседател на судот надлежен да постапува, работната група е на мислење дека по барањето е одлучено

законито, совесно и одговорно и дека не се забележани елементи на влијание во постапувањето, а одлуката е донесена согласно

одредбите на чл.218 ст.1 и 2 од ЗИ. Дополни дека со вака донесеното решение судот немал улога на контролор и надлежност до го следи начинот на употреба и трошење на одобрените парични средства од страна на општината, во услови да не е поведена посебна постапка по предлог од надлежен орган. Истакна и дека прашањето дали со примена на одредбите од член 218 став 1 и 2 од ЗИ, се дава поповолен третман на единиците на локалната самоуправа во однос на другите субјекти во правниот промет и дали со примена на овие одредби се остава простор на евентуални злоупотреби, е прашање кое треба дополнително да се анализира и по потреба да интервенира законодавецот, а дека Судскиот совет нема надлежност. Во продолжение истакна дека при работната посета биле разгледани и други предмети кои ги имало во извештајот, како и дека по усвојувањето на извештајот на седницата истиот ќе биде објавен после што заинтересираните граѓани ќе можат да видат и други детали. Истакна дека како генерален заклучок од работната посета може да изнесе дека од увидот во предметите кои што биле разгледани било констатирано дека нема пропусти од страна на судиите или претседателот на судот, дека истите биле доделени по АКМИС системот , насрочени и работени согласно планот за работа во судот, дека биле почитувани роковите за превземените дејствија од што можело да се заклучи дека од нивна страна нема забележано никакви процедурални или други пропусти, со дополнување дека како заклучок од страна на работната група може да се истакне и дека работната група извршила разговор и со судиите од Основниот суд Струга по однос на работата на судот и евентуалните притисоци кои поединечно се произнеле со свое согледување по однос на ситуацијата при што истите категорично демантирале дека се соочуваат со некаков вид влијание или притисоци поврзани со актуелните предмети во судот ниту во нивното секојдневно работење воопшто. Сите биле едногласни дека немаат никакви притисоци од надвор и дека нивната работа ја вршат согласно законот и другите позитивни прописи.

По изложување на извештајот за работната посета на Основен суд Струга, **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа**, координатот за работата на Основен суд Струга истакна дека ги повикува **членовите на Советот Лорета Горгиева и м-р Ивица Николовски** да се произнесат како членови на работната група кои што вршеле увид во предметите кои биле тема на разговор и интерес од јавноста.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека сака да постави прашање: „Дали разговорот со колегите судии по однос на некакви закани, влијанија или притисоци или било какви проблеми бил направен поединечно со секој судија или заедно со сите и како се произнеле?.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** истакна дека сите судии се произнесувале поединечно пред сите членови на работната група и немале никакви забелешки.

Во продолжение за збор се јави **членот на Советот м-рИвица Николовски**. Истакна дека како членови на Советот имале можност и писмнено да го видат изготвениот извештај, а во делот на она што било констатирано од негова страна и презентирано од страна на координаторот за работата на Основен суд Струга истакна дека дополнително ќе нагласи дека скоро од страна на медиумите Советот бил повикан дека во Основниот суд Струга се судело под влијание или голем повик до Советот било медиумското произнесување дека со одлука на судот на градоиначалникот на општина Струга му било овозможено да си дозволи да купи „Ауди“ итн, итн, што било доволен повод за Советот да се препознае дека има потреба во рамките на своите надлежности да изврши проверка на овие наводи. Во продолжение истакна дека дополнително би рекол дека кога тргнале како работна група однапред биле свесни, со оглед на искуството, дека не очекуваат било кој судија да признае дека бил под влијание бидејќи верувале дека секој судија си ја знае основната судиска должност дека треба да одлучува и суди по сопствено убедување, значи не под влијание, да одлучува врз основа на закон и нормално расположливи докази врз основа на кои ќе утврди фактичка состојба а доколку има притисоци тие евентуално може да ги пријави. Истакна дека за тоа биле свесни, но дополнително ценеле дека со една посета на Советот и директен увид во предмети, со своето искуство и познавање на работите дека би извлекле определени заклучоци, во позитивна или негативна смисла. Во продолжение истакна дека она што за него е битно, а ќе го потврди и комисијата дека дури и прашале дали има кривични предмети во Основниот суд Струга кои кривични предмети најчесто се содржина од незаконски дејствија, при што таргет им биле три елементи: Општина Струга, градоначалникот или Рамиз Мерко како физичко лице и Меѓународниот универзитет Струга. Дополни дека за таа цел од страна на претседателот им било укажано дека кривични

предмети нема од физички лица или овластени институции, а дека има граѓански предмети. Потоа комисијата побарала увид во сите предмети од граѓанска област од различни уписници, нагласувајќи дека содржински биле околу 150 предмети за наназад 3 години, се со цел бидејќи за секој предмет немало ниту објективно време да се посвети внимание, по случаен избор да се изврши увид и да се долови определена состојба од која ќе извлечат заклучоци. Во своето излагање **членот на Советот м-р Ивица Николовски** дополни дека од увид во предметите во кои лично извршил непосреден увид, од граѓанска природа, заведени во уписник – П, ПС итн, можел да констатира уредно постапување од страна на судиите иако Основниот суд Струга по систематизација имал определено 15 судии, а моментално работел со 5 судии. Дополни дека колегите со посветеност се одважиле за што е позитивно изненаден во смисла на запазување на процесни дејствија, од уредно платена такса, навремено постапување, а во поглед на одлуките имало одлуки кога тужбеното барање е одбиено, кога тужбеното барање е усвоено, но можело да се констатира еден нормален процесен тек на постапување и одлучување на кои лично нема забелешки. Истакна дека посебно би се осврнал на оној повик......„судот со донесена одлука му овозможи на градоначалникот да купи Ауди...“, дополнувајќи дека колегата изложил но тој ќе појасни дека се рабоителo за предлог барање кое во судската фела се вика потребен лимит на парични средства за нормално фнкционирање на судот, дејствие предвидено во чл.218 од Законот за извршување, по кое барање надлежен да одлучува е претседателот на судот. Барањето било уредно доставено со целокупна документација на фискални елементи, образложено за потребите, потврдено и анализирано од вешто лице каде бил даден предлог, кој е тој потребен минимум средства за да општина Струга функционира. Врз основа на тоа барање претседателот на судот кој бил овластен да одлучува донел одлука која најпрвин била обжалена, а страна доверител било Министерството за фуинансии на РСМ, подоцна повлечено. Поради наведеното истакна дека уште еднаш ќе потенцира дали оваа одлука е уредно донесена врз основа на докази.... неговото искуство и неговото познавање на оваа материја е негова констатација дека е уредно постапено. Понатаму со овие парични средства како неопходни за функционирање, како субјекот општината ќе функционира, а судот ниту е надлежен, ниту има можност да врши контрола. Дополни дека на вакво однесување или барање предстоел еден облигационо-правен однос заснован уште во 2012

година во кој како тужител се појавува РСМ – Министерство за финансии, а Општина Струга, Општина Охрид и Јавно комунално претпријатие „Проаква“ се должници. Во конкретниот случај во постапката за извршување општина Струга има својство на солидарен должник. По однос на причините поради кои општината Струга била определена од страна на извршителот да во име на двата должници си го отплаќа долгот, истакна дека тоа е правно дозволена можност и причина во која судот не се впушта. Воедно, истакна и дека со вакво побарување за лимит, со овој извршен наслов уште претходно во 2010/2011 година бил соочен и претходниот градоначалник, но поради изменети околности долгот и понатаму не е исплатен. Поради изменети околности на општината сметано од период кога е определен последниот лимит, а тоа е период на 2012 година, до 2018 година природно е да се изменат состојбите и потребните фискални потреби на општината - промена на цени, отворање на нови институции, број на вработувања и тоа било една образложена и реална потреба да општината во 2018 година предводена од господинот Рамиз Мерко во својстов на градоначалник да изјави барање со кое кажува...... „за да овој субјект може да функционира мене ми се потребни минимум парични средства, толку“. Затоа уште еднаш нагласи дека на уреден процесен начин ова од надлежниот судија или претседателот на судот било проверено, донесена била одлука која истотака била прифатена од самиот доверител кој што имал интерес на една издржана одлука. Ако одлуката била спротивно на процесните правила и материјалното право самиот доверител ќе ја спорел бидејќи и ќе се нашол затекнат. Но како и да е истакна дека тоа е дел на процесно постапување, од кои причини уште еднаш нагласи дека не се согласува дека со одлука судот дозволил на општината да располага вака и така, бидејќи судот не врши ниту надзор, ниту секојдневна контрола како општината со доделените средства располага. Истакна и дека е познато дека за тоа има други надлежни институции и доколку имаат нешто утврено во таков случај, судот дали во кривична или друга постапка ќе постапува. На крајот од своето излагање уште еднаш повтори дека комисијата прашала на што претседателот изричито кажал дека кривични постапки немаат. Со еден збор позитивна е состојбата по однос на постапувањето на мал број судии, а наспроти зголемен обем на работа на Основниот суд Струга.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** истакна дека сака да надополни утше нешто. Истакна дека иако истото го има и во извештајот сака да нагласи дека двете одлуки на Основен суд Струга биле

обжалени и биле предмет на разгледување од повисокиот суд со што добиваат уште поголемо правно значење. Дополни дека од причини што не ги прочитал сите предмети кои биле разгледани, односно контролирани при работната посета биде извлечени и разгледани по еден или два предмети од сите уписници каде што како странки се појавуваат субјектите кои се потенцираат со оглед да се провери од сите страни како е постапено и како е одлучено по однос на овие случаи.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** изтакна дека во целост се согласува со изнесеното бидејќи констатацијата била заедничка како комисија. Истакна дека само ќе го надополни она што како судија и оставило впечаток, а тоа е дека сите предмети биле со уреден попис на списи. Ова од причини што често се случувало во судовите кога се правеле контроли да се увиди дека предметите немаат попис на списи, а тука било се уредно попишано. Од друга страна истакна дека самите барања како иницијални акти, по кои е постапувано и по кои се оформени овие предмети беа образложени со докази и вештачење, односно биле издржани, со таксативно наброени причини, од кои причини се бара зголемување на таквиот минимум. Поради изнесеното истакна дека има целокупен позитивен впечаток и за работата на судот и за конкретните предмети и дека не е најдено нешто што би оставило сомнеж, дополнувајќи дека впечатокот бил идентичен како комисија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори расправа по извештајот за остварената работна посета на Основен суд Струга.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор извештајот од остварената работна посета на Основен суд Струга го стави на гласање.

По гласањето **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека извештајот за остварената работна посета на Основен суд Струга изготвен од трочлената работна група.е усвоен со 11 гласа „За и ниту еден глас „против“.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** во продолжение збор даде на **членот на Советот Лорета Горгиева** да го презентира извештајот од работната посета на Основен суд Дебар.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** предложи пред да пристапи кон изложување на извештајот да се оствари гласањето по претходната точка од девниот ред кое беше одложено.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** предложи најнапред да се зарши со оваа точка од дневниот ред, односно да се изложи и извештајот од работната посета на Основен суд Дебар, па потоа ќе се оствари гласањето од претходната 5-та точка од дневниот ред кое беше одложено.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** пристапи кон изложување на извештајот од работната посета на Основен суд Дебар. Истакна дека врз основа на заклучокот заведен во Советот под бр. 03- 475/2 од 24.02.2023 година, со кој е формирана работна група од членовите на Судскиот совет Лорета Ѓоргиева – координатор за следење на работата на Основниот суд Дебар, Павлина Црвенковска и Ханиф Зендели членови на Советот, е спроведена работна посета во судот на ден 01.03.2023 година. Дополни дека посетата била планирана како редовна работна посета која имала за цел да се исконтролира и направи увид во целокупната рабпота на предметниот суд. Во продолжение истакна дека Основниот суд Дебар согласно со Законот за судовите е суд со основна надлежност формиран за подрачјето на општините Дебар и Центар Жупа, организиран во два оддели како организациони единици-кривичен и граѓански. Согласно одлуката на Судскиот совет за утврдување на број на судиски места по судови, судиската функција во овој суд е одлучено да ја вршат 5 судии вклучително и претседателот на судот од кои едното судиско место е во мирување поради избор на судијата Илир Исени за заменик директор на Академијата за суди и јавни обвинители, поради што во 2023 година судиската функција ја извршувале тројца судии вклучително со претседателот. Согласно правилникот за систематизација и организација работите од стручната служба е предвидено да ги вршат 52 извршители и тоа 19 извршители од судски стручни службеници, 20 помошно стручни службеници, 2 извршители за помошно технички работи и 8 припадници на судската полиција.

Пред да продолжи со изложување на извештајот **членот на Советот Лорета Горгиева** постави прашање: Дали да се губи време во презентација на техничките работи од извештајот со оглед дека сите членови истиот го имаат во писмена форма или да се задржи на конкретните работи бидејќи сите податоци за предметите во кои бил извршен увид ги има во извештајот кој е 17 страни. Откако беше укажано да ги презентира само конкретните работи **членот на Советот Лорета Горгиева** во продолжение истакна дека за сите предмети кои

стојат во извештајот непосредно е извршен увид во истите и се што е констатирано е ставено во самиот извештај. Во делот на стари предмети истакна дека посебно ќе се осврне на два застарени предмети во делот на кривичната материја, конкретно во делот на извршување на санкции дополнувајќи дека за истите било утврдено дека нема субјективни причини за застарување бидејќи се работело за ист сторител кој не е македонски државјанин, туку државјанин на друга странска држава. ПО однос на извршувањето истакна дека кратко било времето на извршување со оглед на малата казна и немало услови да се пристапи кон извршување заради отсуство и недостапност на осуденото лице, односно немало можност да биде спроведено извршувањето на казната затвор определена со предметните пресуди од кои причини извршувањето застарело. Согласно изнесемната состојба укажа дека работната група констатирала дека не постојат субјективни пречки, туку напротив како што е наведено и во самиот извештај судијата на секои три месеци редовно се обраќал до полициска станица и до обвинителство со барање да се пронајде сторителот за да може да се пристапи кон извршување на казната. Во продолжение истакна дека во делот на граѓанските предмети и предмети од судската управа истотака бил направен увид за кој деталните податоци се наведени во извештајот, а општ впечаток на колегите кои работеле на конкретната работната посета е дека судот бил добро организиран, имало добар менаџмент од страна на претседателот на судот и добри меѓучовечки односи поради што имале чуство дека судот безпрекорно функционира. Истакна и дека како и кај другите судови и за овој суд сака да нагласи дека бројот на предмети кои го зголемуваат бројот на предметите во судот се оставините поради што и Основен суд Дебар како и голем број други судови во државата има проблем во застојот заради недостаток на нотари, со дополнување дека сега била направена амортизација во тој дел и биле доставени материјали од кои што било видно дека претседателот на суот правел/и обиди и има одржувано состаноци со нотарите со цел решавање на оставинските предмети за кои сите знаеме дека иако физички и во работа се даваат на нотарите сепак се водат како предмети и се евидентираат во судот. По однос на заклучоците **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на работната група истакна дека она што работната група го констатирала е дека по сите нерешени предмети се постапувало согласно со Акцискиот план за решавање стари предмети на кои им се дава/л приоритет и се

наоѓало решение со цел намалување на нивниот број, а судиите секој месец доставувале извештаи за стари нерешени предмети наведувајќи ги причините и превземените дејствија. Од наведеното видно било дека се намалувал бројот на стари предмети, освен за оние за кои постоеле објективни пречки за неможност за решавање. Како заклучок број 2 кој се однесува на предметите за изземање, **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека работната група констатирала дека во претходната година имало 22 барања и дека по сите ажурно е постапено. Во барањата со донесени решенија за изземање, постоеле законски и образложени причини врз основа на кои претседателот на судот ги донел одлуките за изземање, за или против. Во предметите од СУ-ИЗЗ хронолошки не било констатирано постапување спротивно на законските прописи, а донесените решенија содржеле образложени причини за уважување, односно одбивање на барањето за изземање. По однос на предметите од судска управа, **членот на Советот Лорета Горгиева** наведе дека работната група констатирала дека нема нерешени предмети, а по однос на предметите за слободен пристап до информации од јавен карактер, констатирано било дека се постапувало ажурно и без застој и согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Како заклучок број пет **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека работната група констатира дека судиите месечно доставувале извештаи за стари и нерешени предмети со причини за нерешавањето, така што реално било да се очекува намалување на бројот на стари нерешени предмети, освен предметите кои од објективни причини не можеле да се решат. На крајот истакна и дека било констатирано добро менаџирање со работата на судот од страна на претседателот на судот и воедно добри меѓучовечки односи и позитивна атмосфера за работа. Прилог кон извештајот бил наведен годишниот извештај за работа на Основниот суд дебар од 26.01.2023 година, распоредот за работа на судиите и вработените за 2023 година, и Акциониот план за решавање на стари предмети од 22.02.2023 гофина. Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на работната група истакна дека сака да дополни дека имало еден предмет по кој се постапувало по преставка, во меѓувреме истиот повторно бил предмет на разгледување и во моментот кога биле на контрола, конкретниот предмет се наоѓал во обвинителство и не биле во можност физичким да извршат увид

во истиот Дополни дека постапувајќи на една од претхдните седници, како координатор повторно од истиот подносител и била доставена на разгледување како основана преставка, по што лично го побарала преметот на увид кој и бил доставен пред некој ден. По однос на овој предмет истакна дека дополнително ќе се произнесе по извршениот увид и направениот извештај и во овој дел на преставката, а исто предмет на разгледување при дадената посета и констатација во извештајот заради неможност да се изврши увид поради негова физичка неприсутност во судот. На крајот членот на Советот Лорета Ѓоргиева истакна декатоа е генерално произнесувањето по извештајот, а секој кој што смета може да постави конкретно прашање.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** постави прашање: „Колку сидии биле без директорот на Академијата за судии и јавни обвинители“.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** одговри дека по систематизација биле пет судии, сега се четири од кои тројца активни, заедно со претседателот, од нив двајца судии и еден претседател кој исто така судел предмети, додека на едниот судија судиската функција му е во мирување заради извршување на функцијата заменик директор на Академијата за судии и ЈО. **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по извештајот за работната посета на Основен суд Дебар.

За збор се јави членот на Советот м-р **Тања Чачарова-Илиевска.** Истакна дека сака да постави прашање по однос на заклучокот од точка 2 од извештајот: „Дали работната група кај записниците СУИЗЗ вршела увид конкретно во предметите, во секој поодделно или бил гледан само уписникот и доколку работната група вршела увид во предметите како одела прераспределбата на таквите предмети односно дали била почитувана одредбата 178 од Судскиот деловник“?

**Членот на Советот Лорета Горгиева** во одговор истакна дека предметите СУИЗЗ, односно изземањата биле разгледувани од членот на работната група Павлина Црвенковска, предметите биле земени на Увид, што значи дека не бил вршен увид во уписникот, туку во реалните предмети. Поради наведеното истакна дека оттаму произлегува и констатацијата дека во секој има реални образложени причини и одлука за секоја распределба. Од

тие причини смета дека не сенајдени пропусти во делот дека не е постапено согласно со Законот за управување со движење на предметите.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** повторно се јави за збор истакнувајќи дека сака да појасни дека прашањето не се однесувало на тоа дали имало образложени причини при донесување на решението за иземање, туку како одело при прераспределба дополнувајќи дека ..... „знаеме дека имаме проблем со АКМИСОТ.... кога е во прашање судија известител не е проблем, но ако е друг член од судечкиот совет нема решенија АКМИСОТ“.....

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** истакна дека нема пропуст во тој дел истовремено побарувајќи од **членот на Советот Павлина Црвенковска** која била член на аботната група и ги гледала тие предмети да се произнесе, бидејќи таа лично ги гледала кривичните предмети, а членот на работната група Ханиф Зендели граѓанските предмети.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека ги гледала апсолутно сите предмети и од содржината на секое иземање не била најдена апсолутно никаква неправилност. Дополни дека бил прашан и претседателот на судот како понатаму се постапува, на што од негова страна било одговорено дека предметот повторно се става во АКМИС системот и понатаму се распределува на други судии.

**Членот на Советот Лорета Ѓоргиева** дополни дека има двајца активни судии поради што и нема некој голем простор за манипулација на кој да биде даден предметот со исклучок на претседателот кој што истотака работи предмети, така да предметот ќе биде или на едниот или на другиот судија.и нема некој простор за пропусти во тој дел.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор извештајот од остварената работна посета на Основен суд Дебар го стави на гласање.

По гласањето констатира дека извештајот за остварената работна посета на Основен суд Дебар е усвоен со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „против“.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека по исцрпување на 6-та точка од Дневниот ред ќе се пристапи кон повторно постапување по 5-та точка од Дневниот ред за рангирањето на комисијата за избор на судии во повисок суд за која нешто требало да се провери.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека бидејќи излагањето го вршела врз основа на материјалите за седница, записникот и извештајот, во меѓувреме од страна на **членот на Советот Мирсад Сурои** кој бил член на комисијата и било укажано дека има направено техничка пермутација кај Апелациониот суд Штип во делот на кандидатите за граѓанско и кривично. Врз основа на укажаното дополни дека ги прибавила сите пријави со сите документи при што останало во делот на тоа што било дискутирано за судијата Ацо Тасев. Од извршената проверка ги извадила ....знам дека кај други немаше проблем....навистина отсуствува од записникот и во извештајот наведувањето на потврдата, за што е направено превид, меѓутоа кандидатот во документацијата ја има и потврдата за судискиот стаж“..... Во продолжение истакна дека ..... „ Знам дека кај никого ништо не фалеше, затоа се најдов и затечена и сакав лично да проверам затоа што не ми остана во сеќавање, освен проблемот со лекарското дека кај некој кандидат да имаше проблем. Дополни дека смета дека во конкретниот случај е направен превид при препишување на документите, односно судијата сам го нема внесено, а ги има во пријавата. Истакна дека тоа што колегата Мирсад Сурои го приметил како превид, тој долго време бил координатор за Штип, па при разгледување, документите долго време биле кај него и му останало дека нешто сме направиле пермутација кај колегата Ѓорги Андонов, претседател на Основен суд Штип, дека во делот на апликацијата истиот аплицирал како кандидат за кривична област, не за граѓанска.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира....„значи во извештајот стои дека е граѓанска, а треба да стои кривична“... на што **членот на Советот Лорета Горгиева** одговори потврдно како и дека во се друго, односно во делот на сите други кандидати останува непроменето.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев истакна дека ако е тоа се што треба да се изнесе по однос на корекцијата тогаш ќе се премине на гласање по однос на лекарското уверение.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека овој факт ќе ја натера да гласа „За“ бидејќи кандидатот доставила препис од оригиналот, што многу веројатно упатува дека го доставила и оригиналот. Во продолжение истакна дека неможе да разбере зошто кандидатите во пријавата не наведуваат што доставуваат во прилог со истата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека ќе се гласа – „Кој е „За“ да се прифати кандидатурата“?

По гласањето констатира дека со 10 „За“ и 1 глас „Против“ е прифатена кандидатурата на кандидатот и неговата апликација да се смета за уредна.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** побара да се констатира и пермутацијата дека ќе продолжи постапката.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна постапката да продолжи, но воедно да се исправи извештајот во делот на техничките грешки, со уредување.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред - „Донесување на одлука за објавување на огласи за избор на претседатели во  Виш управен суд, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Неготино и Основен суд Штип и кон формирање на комисија“.

**Точка 7**

**Донесување на Одлука за објавување на огласи за избор на претседатели во Виш управен суд, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Неготино и Основен суд Штип и формирање на комисија.**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** по однос на оваа точка од дневниот ред најнапред го цитираше чл.47 ст.5 од Законот за судовите истакнувајќи дека во истиот е предвидено дека оглас за избор на претседател на суд, Судскиот совет објавува два месециа пред истекот на мандатот на постојниот претседател на суд“. Во продолжение со оглед да видно од евиденцијата за мандат на престедатели на судови со која располага Судскиот совет за 2 месеци и неколку дена на 8 претседатели на судови им истекува мандатот, предложи да се донесе одлука за објавување на оглас. Дополни дека е сезона на годишни одмори па од тие причини да не се доведе Советот во задоцнување предлага да се донесе одлука за објавување на огласи за овие судови.

Отвори дискусија  по 7-та точка од дневниот ред.

**Членот на Советот Тања Чачарова-Илиевска** се јави за збор и побара во одлуката да се наведе огласот да биде објавен пред истекот на законскиот рок од 15 дена со оглед на временскиот период

Откако  констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** на гласање го стави предлогот да се донесе одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Неготино и Основен суд Штип.

По гласањето **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас  „Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**Да се објави оглас** за избор на претседатели во Виш управен суд, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Неготино и Основен суд Штип.

Во продолжение **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека во чл.2 од Правилникот за начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на комисијата е предвидено да се формира Комисија во состав од три члена од редот на членовите на Советот со право на глас, избрани по

пат на ждрепка од кои два члена од редот на судиите, а еден член од редот на членовите избрани од собранието на РСМ, од кои потоа по пат на ждрепка се избира претседател на Комисијата.

Во смисла на цитираниот член од Правилникот **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** предложи да се пристапи кон ждребање.

По спроведеното ждребување **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека членови на комисијата се Ивица Николовски, Весна Дамева и Лорета Ѓоргиева.

Предложи да се пристапи кон избор на претседател на комисјата при што кон извлекување на ливчиња ќе пристапат само членовите на Советот кои извлекле ливче за членови на комисјата.

По извршеното ждребување за избор на претседател на комсиијата **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констира дека претседател на комисијата е членот на Советот Ивица Николовски и дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира **КОМИСИЈА** за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседателна суд по донесена Одлука за објавување на оглас за избор на претседателина Виш управен суд, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Велес, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Неготино и Основен суд Штип, во состав од:

- **м-р Ивица Николовски** – претседател на Комисијата
- **Весна Дамева** – член на Комисијата и
- **Лорета Горгиева** – член на Комисијата

Комисијата потребно е да постапи согласно одредбите од Правилникот за начинот на формирањето на комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на комисијата и да достави извештај со предлог до Советот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** информираше дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред – „Разгледување на Извештај за констатирана состојба за работа на претседател на суд“.

## Точка 8

**Разгледување на Извештај за констатирана состојба за работата на претседател на суд.**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** по однос на 8-та точка од дневниот ред збор даде на известителот **– членот на Советот Павлина Црвенковска.**

Процедурално за збор се јави **членот на Советот Ханиф Зендели.** Истакна дека со оглед дека се работи за извештај за констатирана состојба кој се однесува на претседател на суд треба да се донесе одлука за исклучување на јавноста.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по предлогот.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека не е запознаена дали овој извештај е изготвен по барање за утврдување на одговорност, на што од **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** доби одговор дека тоа не е случај.

**Членот на Советот Мери Радевска** во продолжение истакна дека бидејќи не се работи за извештај по барање за утврдување одговорност прашање е дали може да се исклучи јавноста.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** појасни дека не е по постапка, ама е по поднесено известување за работа на судија.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека по она што го гледа може да се јави перцепција каде што би можеле да бидат наведени некои работи кои за претседател или судија би биле чуствителни. Од тие причини смета дека треба да се донесе одлука за исклучување на јавноста.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека не се согласува со наводите истакнати од **членот на Советот Ханиф Зендели** од причини што нема постапка за утврдување на одговорност, а во Законот точно е наведено во кои случаи јавноста може да биде исклучена, со дополнување дека и во преставките се споменуваат пропусти на страна на судиите при што немора да се споменуваат имиња.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека сепак останува предлогот дасе стави на гласање.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** откако констатира дека никој повеќе не се јавува за збор појасни дека станува збор за извештај во форма на извештај за констатирана состојба изготвен од **членот на Советот Павлина Црвенковска.**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** на гласање го стави предлогот истакнат од **членот на Советот Ханиф Зендели -** „кој е „За" при разгледување на извештајот за констатирана состојба за работа на претседател на суд јавноста да биде исклучена".

По гласањето констатира дека со 5 гласа „За" и 6 гласа „Против" **не е донесена одлука за исклучување на јавноста.**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека точката е јавна.

Во продолжение **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** повторно збор даде на известителот **– членот на Советот Павлина Црвенковска.**

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека се работи за извештај изготвен на 23 страни и дека ќе се труди да биде пократка во изложувањето од причини што сите членови го имаат извештајот во материјалите.

**Членот на Советот Антоанета Димовска** се јави за збор и истакна дека смета дека на извештајот му недостасува заклучок.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека намерно не ставила заклучоци бидејќи не се работи за извештај од работна посета на било кој суд, туку е извештај за констатирана состојба и откако секој од членовите на Советот кој го има извештајот, по неговото изложување, Судскиот совет ќе дискутира по истиот и ќе донесе заклучоци. Дополни дека доколку членовите на Советот сметаат дека овој извештај треба да има и заклучоци дека е подготвена усно да ги каже.

**Членот на Советот Антоанета Димовска** истакна дека **... „**вие сте ги гледале предметите...,меѓутоа лично мене ми недостасува тој заклучок и вашиот впечаток и вашата перцепција" Дополни дека за разлика од другите извештаи кои што Советот ги гледал и кои имале впечаток на комисијата овој нема заклучок на комисијата.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** повтори дека тоа се извештаи од работни посети, а ова и извештај за констатирана состојба.

**Членот на Советот Антоанета Димовска** истакна дека тоа е исто.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека во конкретниот случај се работи на некој начин за поднесени анонимки, поднесени преставки, но не се преставки со дополнување дека од тие причини имал таков предлог бидејќи се работело за анонимки поднесени од страна на лица кои не се потпишани ...... „мислам дека треба да го прочитате целосно".

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека смета дека ова требало да биде заведено како преставка, а потоа доколку преставката е основана да и биде дадено како координатор, па да се прознесе. Дополни дека по однос на ова не постигнала согласност со П**ретседателот на Советот** кој сметал дека требало да оди на овој начин, односно како извештај и од тие причини и немало заклучоци за кои истакна дека на крајот ќе ги каже.

**Членот на Советот Антоанета Димовска** истакна дека смета дека ова повеќе е преставка.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека мислела идентично, но дека претседателот на Советот не се согласил да се заведе како преставка. Дополни дека три пати разговарала со **Претседателот на Советот** дека ова треба да се заведе како преставка и да биде реферирана, но тој велел ...„не".

**Членот на Советот Мари Радевска** истакна дека тоа е завршено и побара да се продолжи.

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека на почетокот мислел да биде воздржан и да го слушне усното излагање на координаторот задолжен да го изготви овој извештај, затоа што читајќи од понудениот материјал со наслов – „Извештај за констатирана состојба на претседателот на определениот суд", неможел да извлече било каква перцепција врз основа на која би продолжил. Во таа насока дополни дкеа се било нејасно и најнапред немало дадена процесна форма која е причината по која било дадено задолжение за постапување и во која насока, во услови кога гледал дека тука се работи за професионална коресподенција на органи, однос Јавно обвинителство – суд, однос обвинител-судија. Во продолжение истакна дека првично што му се наметнува како

прашање е: „Дали се работи за преставка, за незадоволство на однесување на учесниците во овој предмет, дали се работи за нарушени колегијални односи или за етички недозволени однесувања“?. Како и да е смета дека оној што ја превзел обврската треба да даде една појасна слика и заклучок. Воедно, истакна дека смета и дека ако нешто личело на преставка требало да се постапува како преставка, со дополнување дека дури и по една ваква консултација очекува бидејќи колешката се посветила на преиспитување на наводите, предметот да оди во таа насока. Во продолжение истакна дека доколку од сето ова произлегувала некоја основа, за евентуално поднесување на барање за нечија одговорност тоа можел да го направи и подносителот, за да биде појасен, што бара, врз која основа бара и врз кои фактор моменти, но во конкретниот случај Советот сега е ставен во улога на истражител, предводен од колешката, а не се знае што се истражува и во која насока. Од наведените причини истакна дека смета дека оваа состојба треба да се преиспита на начин што да се утврди во кој правец, во процесна смисла Судскиот совет во рамките на своите надлежности ќе постапува. ......„Ние тука имаме дадено податоци било вака, било така, одлучено е вака, одлучено е така, па имало уредно, немало уредно“...... Во таа насока постави прашање: „Што ако Советот го разгледа овој понуден материјал, што би произлегло од него“? .... „Има повреди, нема повреди“, .... со дополнување дека Советот не оди во таа насока, туку е дава само еден преглед на работите како се одвивале, поради што претпоставува дека и колешката неможела да дојде до определен заклучок, но и Советот неможе. Од тие причини истакна предлог колешката јасно да размисли во која насока ќе ги преиспитува наводите кои се доставени во писмените материјали.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека од тогашниот претседател и било доставено известување со допис и било побрано од неа....„баш така стои во дописот“....да достави извештај за констатирана состојба по кој што Советот ќе одлучува.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека тоа е од претходниот претседател, а потоа имало и други дописи.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** во продолжение истакна дека потоа од сегашниот претседател и биле доставени „еден куп писма“ поради што двапати реагирала кај него со укажување да не и се доставуваат писмата неа како координатор. Во продолжение истакна ..... „ова се класични преставки, а јас можам да вршам истражување по нив согласно заклучокот на Судскиот совет доколку

се основани, а не во оваа фаза“...... Ова од причини што занеа ова неспорно биле преставки. Од тие причини наведе дека затоа и извештајот го почнува хронолошки, дополнувајќи дека не е прв пат до Судскиот совет да биде доставено вакво известување. Дополни дека вакво известување е доставено и во 2021 година, но од друг подносител, а сега бидејќи е присутна јавноста ќе се труди да не кажува некои конкретни работи..... Во продолжение истакна дека и се доставени само службени белешки во врска со еден предмет во кој станува збор за бришење на осуди, каде обвинителството утврдило зошто не била поднесена жалба по тој конкретен предмет, поради грешка на судскиот службеник кој решението не го доставил навремено до обвинителот. Дополни дека тоа е тој нов момент за разлика од претходното известување од 2021 година и известувањето сега од март 2023 година кое што и било доставено, а дека сето останато е идентично. Идентичен бил тој што се жали дека се нарушени односите, идентични биле наводите, идентични биле предметите од таа 2020 година ..... „сега всушност јас ви ги кажувам моите заклучоци“. Без оглед на сето наведено истакна и дека се работи за материјали кои ги добила од претседателот на судот, со копии од сите предмети, кои сите ги исчитала и од сето тоа што исчитала составила извештај како предмет по предмет.

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека пак останува на својот став смета дека е нејсно, односно истакна дека ќе понуди начин. Во таа насока истакна дека ако тие наводи од страна на тој професионален орган не се преточени, затоа што како и секој граѓанин и тие институции или луѓето од тие институции имаат право доколку сметаат дека определен судија во превземање на службени дејствија, односно во вршење на судиската должност има сторено повреди, да поднесат барање за утврдување на одговорност по кое Советот веќе има и пракса и став како во иднина се постапува. Во конкретниот случај истакна дека сосема ја разбира колешката – **членот на Советот Павлина Црвенковска** и покажува разбирање, дополнувајќи дека на Советот не му останува друга можност освен овие наводи на некој начин да бидат проверени од **членот на Советот Павлина Црвенковска** која потоа да даде предлог, по кој пак Советот ќе одлучува..... „држат, има место, се основани или не најдов момент за да поведам определено барање или предложам определено понатамошно постапување“......

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека ги проверила.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** во продолжение истакна дека сепак од извршената проверка очекува **членот на Советот Павлина Црвенковска** да истапи со конкретен предлог .... „нема место за утврдување, нема од моја страна сомнеж за повредите наведени во ..... **“.**

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека за да одговори на овие барања мора да оди детално .....„ „што јас утврдив од сите овие материјали што мене ми беа доставени“....

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека од она што е доставено во материјалите за седница неможе да се види кое е барањето на подносителот на барањето. Дали има елементи на преставка или на барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност бидејќи во материјалите не е доставено барањето од подносителот. Меѓутоа, од она што е доставено како известување за констатирана состојба, истакна дека лично смета дека станува збор за класични преставки бидејќи се работи за постапување на конкретен во случајов судија, во одредени предмети, а не претседател на суд. Смета дека треба да се направи дигресија помеѓу овие две работи бидејќи не е претседател на суд и неможе да биде известување каква состојба е констатирана за претседателот на судот, туку за судијата во конкретните предмети. И кога биле доставувани овие барања до известителот, и известувања до координаторот смета дека требало реакција од кординаторот да се врати предметот..... „сега јас кажувам што би направила јас“....., да се презаведе како преставка и да се оди во ЈКМИСОТ со распределба, па на кого му падне. Вака смета дека ем е измалтретирана колешката координатор, ем сега во моментот нема впечаток реално какви биле точно наводите на подносителот на известувањето или барањето.... „незнам како го крстил“....., ниту пак предлог од координаторот, кога испитувал одредени наводи во тоа барање до каква констатација е дојдено. Од тие причини истакна дека и нема предлог што понатаму, како Судски совет би постапувал. Затоа побара да се разграничат овие работи за да може да се постапува.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека сака да појасни дека е точно дека колешката Павлина Црвенковска доаѓала кај него во два наврати и се консултирала по однос на овие дописи кои како ги добивал ги проследувал до координаторот, но ги проследувал бидејќи сите биле поврзани едни со други и со претходното известување за кое колешката Весна Дамева како претседател дала налог до координаторот да изготви извештај. Дополни дека се надоврзувале едно со друго и затоа прифатил да оди

како еден извештај. Тоа датирало некаде од април месец или март когга колешката Павлина Црвенковска добила задолжување од претходниот претседател да изготви извештај, а сега овие се надоврзувале...... „и ново и ново и ново или анонимни или од тој ист подносител"..... Дополни дека мисли дека вчера имало стигнато и друго известување.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** наведе дека го носи и тоа. ....

**Членот на Советот Ивица Николовски** истакна дека доколку постои согласност дека се работи за преставки, да се донесе заклучок дека видно од извештајот се работи за наводи од чија содржина произлегува дека се преставки и по тие наводи да се постапува по уписникот за преставки. ..... „Доколку така се согласуваме"......

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека колешката веќе има сработено и разгледано и дека веќе се утврдени фактите од колешката. Затоа смета дека е нерационално доколку сега се враќаат работите назад, се формираат предмети и се даваат на различни членови на Советот кои повторно би ги испитувале истите наводи. Смета дека треба да има само некаков предлог псоле секое барање, бидејќи не е едно туку 3,4 ....повеќе се. Воедно смета и дека за тие што се анонимни неможе да се постапува ако нема јавен интерес, а ако има подносител, дали има основи да постапува Советот, дали има доволно докази. Дополни дека дури колегата дал и изјава и сега Советот да враќа во состојба на формирање на предмети.....

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека доколку е така и членовите на Советот сметаат дека веќе е завршена работата, тогаш да се дадат материјали за седница, за секој конкретен предмет како што се прави по преставки, да се запознаат членовите бидејќи има еден куп материјал

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека сега дилемата е дали да биде како извештај.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека има конкретен предлог. Бидејќи од почетокот сметала дека ова не е работа за координаторот а и дискусиите кои ги слушнала одат во тој правец, од тие причини предлага она што е пристигнато, се, да биде презаведено како преставка и да се подели на членовите на Советот,

а нејзиниот извештај и трудот кој го вложила можел само да им помогне понатаму при реферирањето на преставките.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека доколку добие преставка тогаш мора лично да го провери материјалот, односно неможе да го користи материјалот изготвен од друг член на Советот. ..... „Не велам дека неверувам, но морам лично да проверам, а извештајот е веќе изготвен и биде дадени насоки да се направи овој извештај“...... Во продолжение истакна дека единствено што во овој момент гледа, за што и колегата Ивица и другите се согласуваат е дека неможе да се постапува бидејќи ги немаат ниту доказите, ниту барањата, ниту изјавите за да може овој извештај да помине низ ова тело.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека мора нешто да каже дополнувајќи дека детално има наведено ....

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор, истакна дека е исцрпена 8-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 9-та точка од Дневниот ред-„Одллучување по поднесено барање од кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители“.

## Точка 9

**Одллучување по поднесено барање од кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители**

По однос на оваа точка од дневниот ред **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека е доставено писмено известување/барање од страна на кандидат од АСЈО кој што со одлука на Судскиот совет кој што е избран за судија во Основен суд Свети Николе.

Во таа насока збор даде на претседателот на Комисијата - **членот на Советот Мирсад Суроји.**

**Членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека ќе ја прочита пријавата, дополнувајќи дека станува збор за повлекување на пријава понесена до Судскиот совет од кандидатот Драгана Илиовска дека истата ја повлекува пријавата по оглас за Основен суд Свети Николе поднесена на 20.04.2023 година. Дополни дека во дописот подносителката наведува дека по поднесување на пријавата

извршила детална проверка по што утврдила дека нема никаков превоз кој што би и овозможил навремено пристигнување на работно место во време на отпочнување на работата во судот. Во конкретниот случај постоела само една автобуска линија која секојдневно поаѓа од Скопје кон Свети Николе во 12,30 часот, а приватните превозноци од Скопје кон Свети Николе поаѓале после 9 часот, со што на кандидатката не и се овозможувало навремено пристигнување на работното место. Освен тоа враќањето од Свети Николе во Скопје било во 14,30 часот со што била оневозможена ниту навремено да замине од работното место, по завршување на работното време на судот. Од друга страна истакна дека во изјавата подносителката навела и дека не поседува возачка дозвола, ниту сопствено возило, како и дека не нашла група на луѓе кои секојдневно патуваат на релација Скопје-Свети Николе, поради работа на кои би можела да им се придружи, а враќањето со такси возило би ја чинело 2.500 денари дневно. Дополни дека и покрај тоа што кандидатката сметала дека предметниот суд е во близина на нејзиното живеалиште и нуди можност за секојдневно патување и добри можности за работа, како судија почетник, сепак ја повлекува пријавата поради наведените причини, како и дека оснтанува кон пријавите за избор на судија во Основен кривичен суд Скопје и во Основен граѓански суд Скопје поднесени на 16.06.2023 година за што целокупната документација се наоѓа во Судскиот совет. **Членот на Советот Мирсад Суроји** во продолжение истакна дека ова е дописот кој е доставен во Судскиот совет за кој  е известен денес.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по наведената точка од дневниот ред.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека кандидатката навремено на 13.07.2023 година пред донесување на одлуката за избор си ја повлекла пријавата и дека е дојдено до грешка, односно ненавремено спојување на дописот за повлекување на пријавата кон документите и достава до Комисијата. Од тие причини истакна дека смета дека поради наведеното Советот мора да си ја отповика одлуката, бидејќи де факто подносителката не си ни пријавила, односно во моментот кога се одлучувало истата немала пријава.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека по произнесувањето од претседателот на Комисијата очекувал и предлог од негова страна, но бидејќи предлог од претседателот на комисијта немало, истакна дека очекува предлогот да го даде Советот, но претходно да се констатира што не е спорно во

конкретниот случај. Дополни дека во конкретниот случај не е спорно дека кога Комисијата одлучувала по пријавата на кандидатката и останатите кандидати, овој допис го немала и во тој момент неможела да се произнесе, што значи дека по произнесувањето и по добивањето на овој допис Советот денес констатира дека направил превид. Од тие причини **членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна предлог донесената одлука за избор на кандидатот или подносителот на оваа пријава кој се откажува од веќе поднесената пријава, да се стави вон сила и да се даде можност понатаму овој кандидат да учествува на наредните избори.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** се јави за збор. Истакна дека како член на Комисијата сака да истакне дека точно се сеќава дека на интервјуто кое што било на 11 и 12.07 кандидатката конкурирала за Основен суд Светии Николе по првиот оглас и кога била прашувана истата била сиогласна, односно интервјуто со неа било фактички за апликацијата за Основен суд Свети Николе. Дополни дека кандидатката воедно аплицирала и за Основен кривичен суд Скопје, но со оглед дека била единствен кандидат за Основен суд Свети Николе поминала како избор и за тоа немало дилема. Но веќе наредниот ден после изборот истата доставила писмено известување за повлекување. Ваквото барање било доставено од нејзина страна, но службите воопшто не биле известени за истото. Дописот има приемен штембил и тој како претседател разговарал со генералниот секретар во смисла на тоа..... „зошто тоа не било доставено“.... при што побарал службена белешка од службеникот Ален Раденковиќ...., „мислам дека тој бил, незнам дали сум во право“.... Дополни дека во секој случај по негово видување ова е состојба во која ваквите дописи треба веднаш да се доставуваат и продледуваат, а во конкретниот случај имало затајување и дописот не е проследен до службеникот Зоран Тапчановски кој што е одговорен за овој дел, кој пак во тој период бил отсутен од работа. Во продолжение истакна дека во секој случај од генералниот секретар бара да се изготви извештај со податоци кој го примил овој допис од службите и зошто истиот не е проследен до Советот. ... „ Велам до Советот, а не до службеникот Зоран Тапчановски кој бил отсутен, туку до Советот да биде запознаен“.... Истакна и дека го задолжува генералниот секретар да изготви ваков извештај и понатаму да постапи што и како мисли.

**Членот на Советот Мирсад Сурoји** побара целиот извештај со сите службени белешки и изјави дадени од службата да бидат доставени и до Комисијата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** во продолжение истакна дека доколку ова продолжи во иднина или без разлика не само во иднина .... „овие известувања и дописи сите знаеме дека се од итен карактер и дека веднаш се доставуваат, односно дека е недозволиво да се чека“ .... Дополни дека понекогаш и да се падне во задоцнување, ден или два, ама во овој случај Советот добива податок од кандидатот, а не од службите, што укажува дека нешто не е во ред. Повторно побара од генералниот секретар да се достави извештај до Советот, кој потоа ќе биде рразгледуван од страна на Советот. Воедно, дополни дека доколку предлогот се уважи и решението за избор се стави вон сила ќе треба да се распише нов оглас за избор на судија во Основен суд Свети Николе.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова–Илиевска** истакна дека бидејќи на минатата седница пред два дена е донесена одлука за објавување на огласи, сега односно на оваа седница може да се донесе одлука и за Свети Николе. Дополни дека ваквата одлука нема некаква правна последица......, „ да направен е превид, немам ништо против тоа да се испита во рамките на службите“...., со дополнение дека Советот е административно тело и може во своето работење да става одлуки вон сила...., „не се на штета на никого и никаква“.... од кои причини истакна дека се согласува оваа одлука да се стави вон сила без последици било какви.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** постави прашање до претседателот на Комисијата, **членот на Советот Мирсад Суроји**: „Рековте дека Вие немавте никакво известување“?

**Членот на Советот Мирсад Суроји** во одговор истакна дека како претседател на Комисијата му било чудно што од страна на Претседателот на Советот од него било побарано тој да го презентира дописот или известувањето. Дополни дека тој како претседател на Комисијата сега го гледа дописот, а вчера преку Претседателот на Советот дознал дека има ваков допис од 13.07.2023 година. Во продолжениуе го истакна својот ства дека...... „дали бил Ален или било кој од службата, тоа е надлежност на генералниот секретар да превземе мерки и вакви работи повеќе да не се случуваат“....

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека сака да се произнесе само во делот на предлогот да се објави оглас за Основен суд Свети Николе. Во таа насока истакна дека смета дека за објавување на оглас има повеќе места и за другите судови, а се работи за единствен кандидат кој ги повлекол документите.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** се обрати до **членот на Советот Ивица Николовски** да го формулира предлогот.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна: „одлуката за избор на кандидатот, по име и презиме, за судија на Основен суд Свети Николе се повлекува и се става вон сила, односно се става вон сила“.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** предлгоот на **членот на Советот Ивица Николовски** по однос на оваа точка – одлуката за избор на кандидатот од Академијата за судии и јавни обвинители Драгана Илиовска која што беше избрана за судија во Основен суд Свети Николе на 25.07.2023 година од страна на Советот, се става вон сила.

Предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена

**О Д Л У К А**

**1.СЕ СТАВА ВОН СИЛА** Одлуката за избор на судија на Основниот суд Свети Николе со која за судија на Основниот суд Свени Николе е избрана Драгана Илиовска-кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители, во Судскиот совет на Република Северна Македонија заведена под број 09-1519/1 од 26.07.2023 година.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** во продолжение истакна дека треба да се распише оглас за избор на судијата на Основен суд Свети Николе. Во таа насока постави прашање до членовите на Советот: „Кој е за да се објави оглас за избор на судија во Основен суд Свети Николе по оваа донесена одлука за ставање вон сила“?

Предлогот го стави на гласање.

По гласањето **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена

О Д Л У К А

Да се објави оглас за избор на 1 (еден) судија во Основен суд Свети Николе

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека е исцрпена 9-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 10-та точка од Дневниот ред – „Разно“.

**Точка 10- Разно**

Во оваа точка од Дневниот ред за збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми**. Истакна дека сака да ги извести членовите на Советот дека вчера бил тешко разочаран од државен советник кој учествува на седниците и колегиумите на Советот, кој по завршување на седниците, колегиумите и состаниците на Советот.... „незнам под кој диктат и под која мисла“.... дава неточни и лажни информации..... „Ова од причини што Вие бевте сведоци дека „јас Селим Адеми“ бев против добивање додатоци на стручната служба во Судскиот совет“. Дополни дека смета дека ваквите напади и ниски удари, за поддршка или за било која цел... „незнам сметам дека државниот советник треба да биде свесен дека за член не треба да дава лажни информации и лажни вести, односно да кажува“... при што во продолжение прочита цитат .... „колеги само Селим Адеми е против нас.“ Смета дека ова е крајно некоректно бидејќи сите членови биле тука и дека не само тој, туку ниту еден член на Судскиот совет никогаш не бил против службата да добива додаток. Дополни дека е познато дека кога бил заменик претседател едно време, и поранешната претседателка знаела дека сите заедно се залагале дека треба. Во продолжение истакна дкеа информациите дека немало пари од Министерството за финансии му ги кажала поранешната претседателка Весна Дамева, дека проблемот не е кај нас, туку е до финансии. Смета дека да се даде таква имформација и да се пушти таква порака во група на вработените, дека само тој бил против додатокот, тоа е крајно нетолерантно и тој врз основа на закон ќе бара од генералниот сдекретар да превзема мерки. Смета дека ова не е лично, не доликува и не е човечки и дека е крајно разочаран од државен советник за кој незнае за каква цел дава такви констатациии. Обраќајќи се кон членовите на Советот истакна .... „Вие бевте сведоци ако јас во некој момент кажав дека сум против и не треба“.... Дополни дека треба и дека сите државни службеници кои се во Судски совет треба да знаат дека пред 2 месеци предложил да се овласти претседателот на Судскиот совет да го потпише анекс договорот за што сите гласале „За“. Истакна дека никој не ја кажал таа информација дека тој предложил и дека бил спремен да се оди и кај Министерот за финансии за да се реши провлемот. Во продолжение истакна дека зошто бил одбиен состанокот и зошто одредени државни советници од Судскиот совет одбиле да одат на тој состанок, тоа е друга работа...... „Да се обвинувам за незнам какви цели и под која нарачка дека Селим Адеми е против службата, кажувам дека доколку било така еве кажете вие и демантирајте дали јас како член на Судскиот

совет тоа сум го кажал“.... Смета дека е некоректно од државен советник тоа да го прави.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова –Илиевска** истакна дека ова што сега го кажал членот на Советот Селим Адеми е недопустиво. И такво однесување е за осуда, меѓутоа ако е така.... „и зошто реагирам, бидејќи државниот советник на кого се повикувате вчера кога го викнавме овде рече не е точно дека сум рекол така“.... Во продолжение истакна дека единствено што и смета и што не би се согласила и прифатила е дека во два наврати се наведува ....„незнам по чиј диктат и незнам за чија цел“.... Зошто така се мисли и се прејудицира дека нешто е под диктат. Дополни дека не би го прфатила тоа затоа што треба да има аргументи и докази дека се мисли дека е под диктат.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека може да се земат пораките од генералниот секретар.... „ќе Ви ги напише и ќе си проверите“....., дополнувајќи дека нема единствено друго освен да е диктат или некоја цел.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека за сите и за генералниот секретар и за службите бара повисоко ниво на одговорност и бара крајно професионално ниво на постапување. Смета дека заради вакви случки се доведуваме во некои непријатни ситуации и меѓу членовите и во односите со советниците. Во таа насока побара да се свати крајно сериозно и професионално работата...., „дали некои работи почнаа со протестот кој беше најавен, па „бел штрајк, да не навлегувам во тој дел“....., но според него тоа се такви некои дози и си дозволиле некои колеги крајно...., „кога велам крајно“,... недозволиво однесување, а работата и одговорностите да бидат од значење. По однос на барањето на службата истакна дека во тој дел нема дилема дека се на наша страна и ќе се борат, но од друга страна бара крајно професионално однесување и почитување на работно време. Во таа насока истакна дека го задолжува генералниот секретар.... „повторно ќе седнеме заедно со сужќбите,.... да не може да се однесува кој како сака, тоа дома, а овде мора професионално да се однесуваат,, тоа да го свати секој, а ако некој неможе да свати, ќе го решиме тој проблем, тоа ви гарантирам“.......

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека на сите им е познато дека не носењето тога е дисциплинска повреда. Во таа насока дополни дека тоги за судиите не се обезбедени од 1997 година од кои причини истакна дека апелира итно Советот да се обрати до Министерството за правда или до кој треба за сите судии

да се обезбедат тоги и воедно да се донесе и правилник на колку време ќе се обновуваат тие тоги. Дополни дека неможе некој дисциплински да се гони, а да нема што да носи дополнувајќи дека ова е апел и од колегите судии Уште еднаш побара да се превземе се што е потребно истакнувајќи дека сега има и нови судии, па е потребно да им се дадат тоги, да се почуствуват достоинствено дека се избрани за судии....., „мојата тога да ја наследи некој, е тоа е срамота“.....

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** е во право, дека истото го кажал пред две или три години кога претседател на Советот бил Киро Здравев при што било дискутирано за тоа, после што му било кажано дека нема буџетски средства и така останало. Дополни дека треба да се разговара со Министарството за правда дека судиите се појавуваат со нафлекани и искинати тоги што е недозволиво. Во продолжение истакна дека јавните обвинители имале летни тоги, додека судиите носеле зимни, волнени поради што и за судите треба да се бара да имат и летни и зимски тоги. Во продолжение истакна дека доколку сите членови се согласуваат по однос на ова прашање, а не е спорно дека се согласуваат, дека не треба гласање бидејќи е констатација. Во таа насока побара од генералниот секретар наредните денови да се напише писмо до Министерството за правда бидејќи е нужна потреба.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека Министерството за правда нема надлежност, туку Судски буџет и дека поради тоа нема потреба од обраќање до правда, туку треба пренамена на средства.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека мисли дека надлежно е Министерството за правда, а ако е Судски буџет надлежен да се провери тоа.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека **членот на Советот Павлина Црвенковска** е во право. Во продолжение истакна предлог за измена на Деловникот на Судскиот совет на РСМ. Предложи во Деловникот да се додаде нов член со кој ќе се регулира судискиот стаж на судијата член на Судскиот совет. Децидно истакна дека предлогот би требало да гласи вака: „ по член 5 да се додаде нов член 5- со кој се предлага: „Мандатот на членовите на Судскиот совет избрани од страна на судиите влегува или се смета во непрекинат судиски стаж, оценет со позитивна оцена, освен во случаите предвидени во член 34 од Законот за Судскиот совет на

РСМ. Во продолжение истакна дека колегите со подолг стаж во Судскиот совет за ова прашање дискутирале во повеќе наврати и во повеќе периоди, но до ден денес не е заземен јасен став. Дополни дека предлогот за дополнување на Деловникот го поднесува бидејќи нема законска одредба со која се предвидува прекин и мирување на стажот на судијата за време додека е избран за член на Судскиот совет со цел да не се оставу простор за различно толкување. Во таа насока истакна дека .... во чл.53 од Законот за судови стои: „Ако судијата е избран или именуван за член на Судски освет на РСМ, или судија на меѓународен суд, на Уставен суд или јавен обвинител на РСМ, директор или заменик директор на Академијата за судии и ЈО, судиската функција му мирува за време додека ја врши должноста за која е именуван, односно избран". Дополни дека со овој член е предвидено мирување на судиската функција, но не и на судискиот стаж. Членовите на Судскиот совет од редот на судиите се пензионираат согласно законот за работни односи како и сите останати судии, а не како членови на Советот. Членовите на Судскиот совет од редот на судиите уживаат имунитет исто како и судиите, односно со еден збор кажано тие се судии и додека привремено ја обавуваат функцијата член на Судскиот совет, а на кое нешто укажува и чл.90 од Уставот на РСМ така што во тој период им мирува само судиската функција. Смета дека ова подразбира дека тие неможат активно да судат судиски предмети, ниту да работатт по судовите додека судискиот стаж активно им тече непрекинато како судија. Од друга според него страна се јавува дилемата околу ваквиот стаж и се поставува прашањето: „Кој стаж им тече на членовите на Судскиот совет на РСМ од редот на судите и по кој материјален закон"? Дополни дека бидејќи таква одредба нема ниту во Законот за судовите, ниту во Законот за работни односи, ниту во Законот за Судскиот совет на РСМ иницијативата на ваквото барање е еднаш за секогаш да се стави крај на ваквото толкување на различни состави на Судскиот совет како највисоко судско тело. Во таа насока смета дека не треба да преставува бариера за понатамошно напредување на секој избран член од редот на судиите по истекот на неговиот мандат како член на Судскиот совет. Во спротивно доколку и понатаму постојат разлики од течењето на стажот и доколку се заземе став, бидејќи закон не постои, со кој судијата има прекин на стажот, тогаш истиот ќе биде оневозможен согласно Законот да конкурира и да биде избран во повисок суд или пак евентуално за претседател на суд. Исто така укажа дека сме сведоци и тоа јавно го констатиравме дека голем дел од нашите колеги судии не аплицираат за влез во Судскиот совет на РСМ токму поради овој не јасно дефиниран однос поврзан со

судискиот стаж. Од тие причини истакна дека предлага овој предлог да се прифати и еднаш засекогаш оваа дилема да биде расчистена.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова–Илиевска** истакна дека исто така смета дека е голем пропуст и има негативни последици тоа што не е регулиран судискиот стаж за време додека членовите на Судскиот совет од редот на судиите имаат мандат во Судскиот совет, дополнувајќи дека ова правно прашање неможе да се уреди деловнички, туку дека е прашање на закон.

**Членовите на Советот Павлина Црвенковска и Антоанета Димовска** се согласија со ставот на **членот на Советот Тања Чачарова –Илиевска.**

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** истакна дека предлага оваа тема да се разгледа на некоја друга седница, односно да се најде некој друг термин за да може  да се дискутира за ова прашање.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека размислува да се почне како иницијатива.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека токму поради вакви мудрувања и избегнувања од страна на останатите членови во Судскиот совет до ден денес ова прашање не е регилирано. Дополни дека се свесни и кажале, а и денеска појаснил и многу пати во меѓусебни дискусии било појаснето дека ова прашање не е регулирано во ниедна одредба. Дополни дека во истражување и во примена на практични размени на искуства, направиле едно истражување и се консултирале истотака ...... „ќе признаам и со Врховен судија, но и со Советот на ЈО со кои сме слично тело со исти обврски“....  допнувајќи  дека и таму прашањето било регулирано на овој начин и дека е најдена можност кога некој озбегнува на ова прашање да пристапи реално и објективно. Во продолжение истакна дека ова што денеска го слуша од колегите требало да се слушне и многу порано, меѓутоа наназад со месеци се кажува дека нема пречки, но од „x“ случаи се остава за некој друг момент или некој друг ден, а ова прашње не се занимава само со овој состав на Судскиот совет. Истакна дека возрасните членови на Советот се  сведоци дека ова прашање се избегнува многу години, но секогаш е причина што ќе добиеме ние  истакнатите правници и тоа е факт и затоа не е до денеска решено.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова –Илиевска** во реплика истакна дека мора да реагира кога некој сам си извлекува

заклучок. Во продолжение упати прашање до **членот на Советот м-р Ивица Николовски**: „Што треба да добијам колега Ивица"? Дополнувајќи дека е од редот на адвокатите и дека нема никакви последици од ваквото решение и дека сега стажот го влече од мандатот член на Судскиот совет, кога бев адвокат, а функцијата адвокат и мирува. Уште еднаш нагласи дека нема последици поради што и нема зошто да и се поставува тоа прашање....„Кажете ми вие што ве наведе за тоа прашање"......

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** во реплика истакна .... „не ве споменав Вас".... Дополни дека од повозрасните членови слушнал дека во претходниот состав од Судски совет...... „да не го споменувам лицето од редот на Собранието, токму тоа било оспорено" ....па видете може вака да се согласиме ако биде така".....тоа е факт"..., а не од вас бидејќи јас и вие не сме биле тогаш тука.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека тој е од тие постарите членови....10 години уште малку и дека во овој период од 10 години коклу што се сеќава Судскиот совет по однос на ова прашање расправал минимум 3 до 4 пати и тоа не по 5 минути, туку опширно со часови. Истакна дека само сака да го демантира колегата Ивица Николовски бидејќи претходниот состав на Судскиот совет имал 10 члена судии, не 8 туку 10, што значи дека во секој момент имале мнозинство да не ги прашааат истакнатите правници, а сега имате 8. Затоа.... „немојте со такви ниски..... дека истакнатите правници ....не ни треба нас стаж, влезот за судија е преку академија и да ни давате стаж благодарам доволно имаме колега Ивица. Но кога Вие сами со себе ќе се согласите дека е тоа во ред".... Во продолжение истакна дека ќе каже дека предходно кога се отворала расправа за ова прашање една колешка која си отишла, која дала оставка рекла ...„ „фала што си одам јас зошто ова немаше да ви пројде".... му рече на колегата Ивица и на сите". Дополни дека врховен судија така рекол, не рекол истакнат правник, но ако така се договорат 8 души судии и се согласат.... „верувајте ние истакнатите правници или од редот на адвокатите нема да ве задржуваме, затоа средите си ја работата сами, а не да наоѓате вина кај истакнатите правници".

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дилема.... „иницијатива да биде или како, да се формира комисија".

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека од негова страна бил истакнат предлог од кои прчини предлга по истиот Советот да се произнесе.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** предложи како иницијатива да се има за наредната седница.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** побара од колегите судии и останатите членови да се придржуваат на редот и редоследот дополнувајќи дека дал предлог и дека секој овде има право да даде друг предлог, па мнозинството на начин и услови предвидени.......да се произнесе.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна предлог овој предлог да се стави како точка на дневен ред на некоја наредна прва седница или прво на работна средба, па да се разгледа и да се види што ....инаку ....

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека доколку нема друга точка ова да оди како иницијатива и со работна група од наредна седница.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** процедурално постави прашаење: „Што е одлучено во врска со точката"?

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** во одговор истакна. „На наредна седница да се формира работна комисија"...

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави повеќе за збор **Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпен дневниот ред на 451-та седницата и истата е завршена во 17,44 часот.

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**

**Изработил:** Емилија Николиќ, државен советник
**Одобрил:** Весна Толева, -ВД генерален секретар

ЗАБЕЛЕШКА: Дискусијата на Генералниот секретар Толева Весна Толева и одговорот и ставот на Членот на Советот Тања Чачарова –Илиевска не се снимени, системот е исклучен и не влејуваат во записник